**Катерина Пренкова**

# ПРОЕКТИРАЊЕ СО АРАНЖИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

**ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА**

**ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

*Рецензенти:*

***Проф. Д-р Јасминка Ризовска Атанасовска***

***Проф. Јагода Јодановска***

***Проф. Вера Митриќеска***

Лектор

***Билјана Пепоска***

Корица и уредување

***Кристи Георгиевски***

**Издавач:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

**Печати:** Графички центар дооел, Скопје

# ПРЕДГОВОР

Учебникот „Проектирање со аранжирање на зелени површини” е наменет за учениците од четврта година во средното стручно образование, од образовниот профил -Техничар за шумарство и пејзажна архитектура.

Содржината на учебникот, според наставниот план и програма, е поделена на седум теми:

-Опрема и растителен материјал за аранжирање;

-Стилови на аранжирање;

-Техники и дизајн на аранжирање;

-Основни техники на проектирање;

-Проектирање на индивидуално зеленило;

-Проектирање на јавни зелени површини;

-Растителноста како композициски елемент.

Првите три теми се однесуваат на техниката на изработка на цветни, односно растителни аранжмани за различни пригоди, а во останатите теми се опфатени содржини за техниката на проектирање на зелени површини. Последните две теми претставуваат составен дел од темата - Проектирање на индивидуално зеленило и се нејзини поттеми.

Се надевам дека содржините во учебникот се објаснети на јасен, разбирлив и прифатлив начин, што ќе помогне за нивно успешно совладување и стекнување на потребните знаења за продолжување на студиите, или пак за понатамошна примена на стекнатите знаења во пракса.

Посебна благодарност сакам да изразам до рецензентите, за позитивните ставови кон обработката на темите и за забелешките и сугестиите, кои се внесени од авторот пред предавањето на ракописот за печатење.

Голема благодарност за поддршката во текот на подготовката на ракописот и должам на мојата фамилија.

*Авторот,*

# ТЕМА:  ОПРЕМА И РАСТИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА АРАНЖИРАЊЕ

Во темата „ Опрема и растителен материјал за аранжирање” се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

- Целта и значењето на аранжирањето;
- Историскиот развој на аранжирањето;
- Потребната опрема за аранжирање;
- Техники за сушење на растенијата.



# ТЕМА: ОПРЕМА И РАСТИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА АРАНЖИРАЊЕ

## Цел и значење на аранжирањето

***Дали знаеш?***

*Што е аранжирање?*

*Постојат ли правила за аранжирање?*

*Што сѐ е потребно за изработка на аранжман?*

*Какви садови се користат за аранжирање?*

*Кои инструменти се потребни за аранжирање?*

*Од каков растителен материјал може да се изработи аранжман?*

*Како се сушат растенијата за аранжирање?*

Зборот аранжирање има француско потекло, а означува редење, уредување, распоредување, подготвување, дотерување, усогласување. Веројатно, сите ние, барем еднаш во животот сме се обиделе да направиме едноставен цветен аранжман, така што сме поставиле неколку цветови и разлистени гранчиња, во ваза полна со вода. Можеби не сме постигнале никаков естетски ефект, но, сепак, на некој начин сме направиле цветен аранжман.

Во светот постојат многу училишта за аранжирање и многу литература, но кај нас, за жал, сѐ уште не се знае, или се знае сосема малку за аранжирањето на цвеќе. За многу луѓе, тоа претставува само обично редење на цвеќето во ваза.

Една мудра, источна поговорка вели: Жената е вистински убава, кога е свесна за тоа и кога тој дар од природата знае умешно да го покаже. Истото се однесува и за цвеќето. Убавината на цвеќето доаѓа до израз, ако знаеме да ја искористиме и покажеме на вистински начин.

Највештите, јапонски мајстори за аранжирање на цвеќе, често напоменуваат, дека, ако цвеќето го скинеме, ако го одземеме неговиот живот, тогаш наша задача е да го направиме уште поубаво.

**Цели на аранжирањето на цвеќе се:**

- откривање и развивање на талентот за аранжирање;

- подобрување на вештините и знаењата на идните аранжери;

- стекнување на вештини за одбирање на цвеќето;

- стекнување на вештини за подготовка на цвеќето пред аранжирање;

- распознавање и користење на инструментите за аранжирање;

- стекнување на вештини за распоредување на цвеќето во садот.

Околу правилата за аранжирање постојат несогласувања меѓу експертите - аранжери. Некои од нив сметаат дека аранжирањето треба да се врши без определени правила, додека, други сметаат дека при аранжирањето треба да се почитуваат строго определени правила.

Оваа дилема најдобро ќе се реши, ако, пред да се започне со изработката на цветен аранжман, се запознаат основните правила за боите, формите и пропорциите, а потоа, стекнатите знаења да се приспособат кон нашиот вкус.

**Задачи на цветниот аранжер се:**

- да го креира аранжманот, кој, пред сѐ, ќе му се допадне на аранжерот;

- да го израдува и задоволи оној, кому аранжманот му е наменет;

- добро да го наплати (важно е да се знае дека има добри цвеќари, кои се лоши аранжери);

- да создаде ефектен аранжман, за кој клиентите ќе имаат чувство дека не можат да го направат сами.

***клучни поими:***

аранжирање; цели на аранжирањето; задачи на аранжерот

## Историски развој на аранжирањето

Основите на современото аранжирање се поставени во 30 - тите години на 20 век кога се појавуваат и првите експерти за аранжирање.

Иако цвеќето отсекогаш се користело за внатрешно украсување на домот, во минатото, убавината се гледала од изгледот на самите цветови, а не од целосниот естетски изглед на композицијата.

За разлика од цвеќарското искуство, кое е старо и долго, историјата на аранжирање на цвеќе во Европа е сосема кратка. Во Јапонија првите правила за икебаната се создадени пред повеќе од 1000 години.

Легендата раскажува дека некогаш будистите монаси собрале гранки и листови, кои биле скинати од гром , ги ставиле под нозете на Буда и напишале: ,,Биди милостив кон сите. Помогни да оживее тоа што го скршил громот”. Тогаш Буда ги благословил за нивната молба. Од тогаш, во храмовите посветени на Буда, почнале да се ставаат високи букети од растенија во вази. Гранките од дрвјата кои ги користеле биле истакнати нагоре, како да барале од Бога да заштити сѐ што е живо. Поради тоа икебаната може да се споредува со молитва, но не со зборови, туку со знаци.

Со текот на времето, икебаната престанала да биде само ритуал во храмовите на Буда, туку се проширила како голема вештина. До средината на 15 век достигнала статус на независна уметност. Како што поминувало времето, икебаната станала главен дел од традиционалните јапонски фестивали. Во доцниот 15 век икебаната станала ценета уметност, не само за императорските фамилии, туку се практикувала во сите нивоа на јапонското општество. Со проширување на асортиманот на растенија, почнале да се менуваат и правилата и техниките на нивно разместување во вазите. Започнале да се менуваат стиловите на изработка на икебана и да се отвораат различни школи за икебана.

Високиот развој на оваа јапонска уметност е резултат на љубовта на јапонскиот народ кон природата. Луѓето од сите земји во светот ја ценат природната убавина, но во Јапонија е скоро подигната на ниво на религија.

Јапонците секогаш чувствувале силна желба да имаат дел од природата покрај себе. Странските посетители во Токио често се изненадени од фактот, што јапонските такси возачи имаат ставено мала ваза со цвеќе во своите автомобили, а да се најде јапонска куќа без цветен аранжман е вистинска реткост.

Денес, сѐ повеќе расте интересот за оваа јапонска уметност и во западните делови на светот.

Првото училиште за аранжирање, како и првите курсеви за непрофесионалци во Европа, се формирани дури во 1953 година, во Лондон. Истата година, Џулија Клементс ги развива основните правила за аранжирање на цвеќе во книгата ,,101 идеја за аранжирање на цвеќе".

Денешните трендови на аранжирање на цвеќето се менуваат, но во секој од нив, е содржан дел од илјадагодишната традиција на величање на убавината на цвеќето.

Природата била и ќе биде најголема инспирација за уметниците. Изработката на убава композиција од режано цвеќе, секако, претставува уметност.

Талентот и креативноста се многу важни за аранжирање на растенијата, но не се и пресудни. Доколку не постои талент за аранжирање, познавањето на основните карактеристики на опремата за аранжирање и нејзината правилна употреба, наједноставниот букет со цвеќе може да го претворат во вистинско ремек дело.

Затоа, при креирање на цветен аранжман, со малку стрпливост и упорност, не е тешко да се постигнат добри резултати.

***клучни поими:***

појава на икебаната;

икебаната како уметност;

училишта за аранжирање во Европа;

книга со основни правила за аранжирање на цвеќе.

## Потребна опрема (материјал) за аранжирање

Целокупната опрема која е потребна за да се изработи цветен аранжман може да се подели во неколку групи:

- Средства за зацврстување,
- Инструменти за аранжирање,

- Садови за аранжирање,
- Подлоги за аранжирање,
- Додатоци за аранжирање,
- Основа за аранжманот,
- Растителен материјал за аранжирање.



*Опрема за аранжирање*

**Средства за зацврстување**

Средства за зацврстување се предмети, кои се користат за да ги задржат во садот растенијата  за аранжирање.

Најчесто, режаното цвеќе го поставуваме во ваза со вода, но скоро за  сите современи аранжмани потребни се средства, со чија помош неподвижно ќе се прицврстат листовите и цветовите во садот. Тие треба да бидат добро фиксирани и да не се гледаат.

Најпопуларно средство за зацврстување е цвеќарскиот сунѓер, односно сунѓерот за аранжирање. Тој претставува вештачи, шуплив материјал, кој е создаден во четириесеттите години на минатиот век, и е незаменлив дел од помагалата на аранжерите на цвеќе. Има два вида на сунѓер. Зелен, кој се покиснува во вода и служи за аранжирање на свежи растенија и кафен или сув за суви растенија. Зелениот сунѓер може да има различна форма, но најчесто е во форма на квадар. Многу е лесен, а кога ќе се натопи, тежината му се зголемува над 30 пати. Никогаш не треба да се остава да се исуши откако ќе се натопи со вода. Ако по употребата се завитка во фолија или најлон, може да се користи уште неколку пати. Голема предност на сунѓерот е тоа што стеблата,

кои се поставуваат во него, може да се распоредуваат под секаков агол, како во плитки, така и во длабоки садови. Има само неколку недостатоци. Кога се подготвуваат аранжмани со големи димензии, заради стабилност, треба да се користи и мрежа од жица, а некои растенија, како лалиња и нарциси, потешко ја примаат водата од сунѓерот.



*Средства за зацврстување (сунѓер)*

Освен сунѓерот, како средство за зацврстување кое се користи за стабилизирање на дебели и тешки стебла, е и кензанот. Кензан е средство кое се состои од иглички со остри врвови поставени на правоаголна или кружна основа. Може да се користи самостојно, во плиток сад, или заедно со други помагала за големи аранжмани, во длабок сад. Тој се прицврстува кон основата на садот со самолеплива лента.





*Средства за зацврстување (кензан)*

За да ги задржат стеблата на режаното цвеќе, кое е поставено во ваза, се користат декоративни камчиња и стаклени топчиња. Овалните или плоснати стаклени топчиња, поставени во проѕирна ваза, не само што ќе ги скријат

стеблата од растенијата, туку ќе придонесат кон убавината на целата композиција.



*Средства за зацврстување (декоративни топчиња)*

Во групата на средста за аранжирање се вклучени и :

- цвеќарски конус, кој личи на мала ваза, а се користи за композиции во кои растенијата треба да се поставaт над висината на нивните стебла, односно со негова употреба висината на стеблата се зголемува. Конусот се полни со сунѓер во кој се поставува стеблото, чија висина е потребно да биде зголемена, а заостренuот крај од конусот се поставува во сунѓерот;

- држач за сунѓер е мал пластичен диск со четири запци врз кој се втиснува сунѓерот;

- лепенката служи за прицврстување на сунѓерот и садот;

- гипс и пластелин-се користат за аранжмани од суво цвеќе;

- силиконски лепак-се користи при аранжирање на суви растенија.

***клучни поими:***

опрема за аранжирање;

средства за зацврстување;

цвеќарски сунѓер (сунѓер за аранжирање);

кензан; цвеќарски конус; гипс и пластелин.

**Инструменти за аранжирање**

Инструментите за аранжирање се алатки кои се користат за составување на композицијата. Иако бројот на инструменти кои се користат за аранжирање е голем, само некои од нив се задолжителни, а останатите се користат по избор на аранжерот.



*Инструменти за аранжирање*

Кофата со вода има големо значење при собирање на цвеќето од градината и за чување на цвеќето пред самото аранжирање. Најдобри се кофите кои имаат две странични дршки, бидејќи обичната кофа со една дршка може да го оштети цвеќето додека се пренесува.

Пластичната пумпица, или прскалка за вода, се користи за освежување на растенијата, особено, кога времето е топло. Пожелно е растенијата да се прскаат со вода секој ден.

Клештите служат за сечење на жичена мрежа или за сечење на стеблата на вештачките цвеќиња.

Градинарските ножици се користат за сечење на дебели и дрвенести стебла кои не смеат да се сечат со обични ножици.

Цвеќарските ножици служат за сечење на цвеќето. Повеќето обични ножици не се соодветни за сечење на стеблата од растенијата бидејќи ги смачкуваат ткивата. Цвеќарските ножици имаат коси сечила, од кои едното е назабено. Во основата на ножиците може да има вдлабнатина која може да се користи за сечење на потенка жица, но не и на дрвенести стебла и дебела жица.

Ножот се користи за стругање на стеблата и за отстранување на трнчињата и листовите. Со негова помош се прави кос или вертикален рез на стеблата од растенијата, се сече и сунѓерот за да се отстрани непотребното количество.

Кантичката за полевање има големо значење за одржување на соодветното количество на вода во садот и сунѓерот. Најдобро е кантичката да има долг и тесен врат, кој излегува од нејзината основа.

Жицата им е потребна повеќе на цвеќарите отколку на аранжерите на цвеќе. Професионалците ја користат за да ги исправат виснатите стебла од растенијата, за да изработат вештачки стебла на сувите растенија и сл.

Цвеќарската лепенка се користи за покривање на жичаните стебла на растенијата. Лесно се растегнува и кога ке се свитка околу стеблото се лепи од топлината на рацете.

Боите најчесто се користат во форма на спреј за време на подготвување на божиќни аранжмани. Најчесто се користат бои со златни или сребрени тонови.

Стативот за свеќи се вметнува во сунѓерот, а има различни пластични видови или стативи со метална покривка.

Стапчињата за коктели се користат за прицврстување на плодови или за меки стебла.

***клучни поими:***

инструменти за аранжирање;

клешти, градинарски ножици, цвеќарски ножици,

нож, кофа, кантичка за полевање, прскалка за вода

**Садови за аранжирање**

Садовите за аранжирање се користат за поставување на аранжираните цвеќиња. Тие може да бидат со различна форма и големина и изработени од различен материјал (стакло, метал, дрво, пластика, теракота и сл.). Често садовите за аранжирање се покриени со растенија и не се гледаат, но ако се гледаат тие треба да бидат во хармонија со растенијата и средината. За модерен ентериер, најчесто, се користи висок цилиндричен сад, за едноставна композиција се користи раскошен сад, за позадина со пастелни бои, садот може да биде со јаки тонови и.т.н.

 

*Садови за аранжирање*

Во повеќето случаи најдобар избор е матиран сад со зелена, црна, кафеава или крем боја.

Вазата е сад за режано цвеќе. Стаклената ваза сѐ уште е популарна, иако стеблата под водата не изгледаат добро. Еден од начините да се надмине овој недостаток е да се наполни вазата донекаде со стаклени камчиња или топчиња. Високите, тенки вази се користат за композиции од еден вид растение, на пример: една роза, орхидеја или лале.

Со мала досетливост, обичните пластичните шишиња и металните кутии можат да се претворат во вази.

Режаното цвеќе бара вода, простор и светлина. Тоа не смее да биде стиснато во тесното грло на вазата и не смее да биде изложено на сонце. Листовите кои се потопени во вода, треба да се отстранат, за да не го трошат непотребно кислородот од водата и да го забрзаат гниењето.

 

*Садови за аранжирање на режано цвеќе*

Кошница е сад кој се користи за аранжирање на суви растенија. Најчесто се користат кошници од врба, бамбус, плута, дури и од лаванда. Подобри се густо плетените кошници, бидејќи ги кријат средствата за зацврстување. Големината на кошницата треба да одговара на количеството на растенија за аранжирање. Ако кошницата се употребува за аранжирање на свежи растенија, нејзината внатрешност треба да се обложи со фолија или водонепропустлив материјал.



*Садови за аранжирање на суви растенија*

Сад за сунѓер е пластичен сад со вдлабнатина во која може да се смести сунѓерот за аранжирање. Неговиот недостаток е што не е декоративен и затоа треба да се покрие со растителност или да се постави во друг сад со поголема декоратвна вредност.

Рамка за венец се користи за време на божиќните и велигденските празници. Таа може да биде од плетена трска или во вид на прстен исполнет со сунѓер за аранжирање. Најчесто се украсува со сезонски цвеќиња, плодови или листови, а се поставува на масата или на вратата.

Како садови за аранжирање може да се употребат и различни предмети од домаќинството ( чинии за слатко, вински чаши, чајници, стари лончиња, шолјички) школки, кори од дрвја и др.

Издлабени лубеници и дињи можат да бидат ефектни садови за аранжирање, но во нив растенијата брзо умираат.

***клучни поими:***

садови за аранжирање; ваза; кошница; сад за сунѓер; рамка за венец; предмети од домакинството.

**Подлоги за аранжирање**

Подлогите за аранжирање се предмети кои се поставуваат меѓу садот и основата на која што е поставен аранжманот. Нивната функција е да ја заштитат дрвената површина од капки вода и кондензација и да ја завршат, односно потцртаат композицијата. Подлогите не треба да бидат големи и воочливи за да не го привлекуваат вниманието.



*Подлога за аранжирање*

Обичната подлога за маса, која може да биде сламена, бамбусова или пластична, се користи за домашни аранжмани. Добро е да биде со помал размер и да не се забележува, а ако се гледа не треба да биде шарена или светкава.

Дрвената подлога може да биде со различна форма, а е изработена најчесто од шперплоча или иверка.

Напречно пресечено стебло, со или без кора, може да биде интересна декоративна подлога, но не за сите аранжмани. Ако се користи ваква подлога, садот може да се постави на едниот нејзин крај, кој најчесто е необработен, туку само е премачкан со восок или лак.

Камената подлога, која најчесто е изработена од мермер или варовник, е мошне декоративна и практична, особено, ако има вдлабнатина во која се поставува садот

***клучни поими:***

подлоги за аранжирање; обична подлога; дрвена подлога; камена подлога.

## Додатоци за аранжирање

Додатоци за аранжирање се предмети од нерастително потекло, кои се вклучуваат во или до композицијата. Некои аранжери никогаш не користат додатоци за аранжирање од нерастително потекло.

Свеќите, како додатоци во композицијата, најчесто се користат за аранжмани поставени на масата во трпезаријата. Тие и даваат дополнителна боја на композицијата и ја зголемуваат висината на аранжманот. Треба да бидат стабилно поставени и зацврстени, а растенијата не треба да се допираат до свеќите.



*Додатоци за аранжирање (свеќи)*

Ленти и панделки почесто користат цвеќарите отколку аранжерите. Полипропиленските ленти се подобри од сатенските, бидејќи лесно се разделуваат, а краевите не се ресат. Се сечат накосо. Наједноставна панделка може да се направи ако лентата се свитка како осумка, а на средината се намота жица.

Фигурите кои се поставуваат како додатоци во аранжманот, за некои аранжери се пример за лош вкус и ја оптеретуваат композицијата, а за други создаваат дополнителен ефект и ја потцртуваат композицијата. Доколку се користат за аранжирање, тие треба да бидат сразмерни и да не го одвлекуваат вниманието од цвеќето.

***клучни поими:***

додатоци за аранжирање:

свеќи;

ленти и панделки;

фигури,

**Основа за аранжманот**

Основа за аранжманот е местото на кое е поставен садот. Аранжманите ретко се поставуваат во висина на подот.



*Основа за аранжман (пиедестал)*

Најчесто се поставуваат на маса, комода, шанк, на полици и сл. Во големи затворени простории, за сложени композиции, како основа за поставување на аранжманот, најчесто се користи пиедеста̀л. Тој е висок околу 1 m., а може да биде изработен од дрво, метал, гипс и сл.

***клучни поими:***

основа на аранжманот; пиедестал.

**Растителен материјал за аранжирање**

Растенијата имаат централно место во аранжманот.

Растителниот материјал за аранжирање го сочинуваат: цветови, листови, стебла, плодови, семиња, габи, мовови, зеленчук, свежи или исушени. Повеќето аранжмани се прават од свежи растенија. Но, некои аранжери користат и суво и вештачко цвеќе.



*Растителен материјал за аранжирање (свежи растенија)*

Растителниот материјал кој се користи за аранжирање се дели на три основни групи:

- скелетен (линиски), растителен материјал;

- основен, растителен материјал;

- растителен материјал за пополнување.

Скелетниот, односно линиски растителен материјал, се користи за да ја определи линијата на композицијата, т.е. нејзината висина и ширина. Тој ја создава основната рамка или скелетот на композицијата. Како скелетен, растителен материјал се користат високи стебла или стебла со ефектни листови (гладиоли, рози, буксус, лигуструм и др.)

Основниот, растителен материјал ја дава фокусната точка на композицијата. Како основен материјал се користат соцветија или ефектни цветови и листови (хризантеми, гербери, нарциси, лалиња, антуриуми и др.)

Растителниот материјал за пополнување се користи за да ги скрие средствата за зацврстување и краевите на садот. Тој ги покрива несаканите, голи места и ја збогатува композицијата. Како растителен материјал за пополнување се користат помали цветови и секакви листови (гипсофила, бршлен, каранфил, алстромерија и др.)

Како растителен материјал за изработка на аранжмани освен свежи, се користат и суви и вештачки растенија.

Особено модерни аранжмани во 19 век, во текот на зимските месеци, биле аранжманите од суво цвеќе.



*Растителен материјал за аранжирање (суви растенија)*

Кај сувите растенија се истакнуваат главно два недостатоци:

- Сувите растенија ја немаат убавината, ниту бојата на свежите растенија, па затоа и не се сметаат за соперници на свежо скинатите цвекиња.

- Аранжманите изработени од суви растенија се неинтересни со кафеави, златни и кремасти тонови, безживотни и темни.

Но, овие аранжмани имаат и предности:

- Траат со години, а единствената грижа за нив е да се исчисти прашината од сувите растенија;

- Сувите аранжмани може да се постават и на недостапни места, бидејки не е потребно полевање;

- Садот кој се користи за изработка на суви аранжмани не е задолжително да биде водонепропустлив.

Пред да се започне со изработка на аранжмани од суви растенија, дел од садот треба да се наполни со песок или чакал бидејќи овие аранжмани се лесни.

Покрај свежи и суви растенија, за изработка на аранжмани, се користат и вештачки растенија. Вештачки растенија, односно цветови од злато, порцелан ,глина, метал или текстил изработувале уште древните Грци, но нивното подредување во садови е од поново време. Првите цветови за аранжирање биле изработени од хартија која потоа била бојадисувана. Потоа се изработувале вештачки цвекиња од пластика, а денес се користат материјали, како латекс, полиестер и сл., а изработените цветови се многу слични на живите, свежи цвеќиња, така што и експертите не можат да ги разликуваат вака изработените, вештачки цвеќиња од вистинското, свежо цвеќе.

И покрај успешната имитација некои аранжери, воопшто, не ги признаваат вештачките цвеќиња, бидејќи, според нив, композициите се прават од она што го создала природата.

Сепак, каков растителен материјал ќе се употреби за аранжирање зависи од вкусот на аранжерот.

***клучни поими:***

растителен материјал за аранжирање;

скелетен (линиски) растителен материјал;

основен растителен материјал;

растителен материјал за пополнување.

## Техники на сушење на растенијата

Повеќето растенија се сушат во текот на летните месеци. Најдобар начин тие да се зачуваат во добра состојба е да се наредат во кутија, лесно

напрскани со лак за коса, при што најтешките растенија се ставаат најдолу. Кутијата се затвора и се чува на суво место. Ако некои од растенијата се смачкаат, може да се поправат ако се стават над водена пареа. Сувите растенија никако не се чуваат во најлон - кеса.

Постојат повеќе техники за сушење на растенија:

- Воздушно сушење;
- Сушење со конзерванси;
- Сушење со глицерин;
- Скелетизирање;
- Сушење во микробранова печка.




*Суви растенија*

**Воздушно сушење**

Воздушното сушење кај нас е најпопуларен метод на сушење цвеќе. За подготовка на цвеќето за воздушно сушење, мошне е важно, тоа да се исече од градината во ден без врнежи, пред цветот да се отвори наполно. Потоа стеблото се потсушува со впивлива хартија, а цветот лесно се напрскува со лак за коса. Исечените цвеќиња, се групираат и врзуваат по 5-10 стебла заедно,

при што нивните цветови не треба да се допираат. Се поставуваат на суво, темно, проветрено место, со цветовите надолу. Сушењето трае 1-8 седмици.



*Воздушно сушење*

Некои видови цвеќе, како на пр. гипсофила или хидрангеа, подобро се сушат ако нивните цветови се исправени. Тие се поставуваат во сад во кој има околу 2,5 cm. вода, на суво, темно, проветрено место и се сушат додека не станат суви како хартија.

Тешките цветови, како на пр. лаванда, најдобро се сушат во хоризонтална положба, легнати на впивлива хартија, која е прицврстена за рамка за да има циркулација на воздухот.

***клучни поими:***

услови за воздушно сушење;

сушење со цветовите надолу;

сушење со исправени цветови;

сушење на тешки цветови.

## Сушење со конзерванси

Сушењето со конзерванси е метод на многу побрзо сушење на растенијата од воздушното, при што во поголем степен се задржуваат бојата и формата на цвеќето. Најевтин конзерванс е ситниот песок , но негов недостаток е тоа што е тежок и побавно се суши, за разлика од останатите конзервански, како на пр. стипсата или силициевиот гел. При оваа техника на сушење на растенијата, потребно е да се постави жица во стеблата, бидејќи во текот на процесот на сушење тие стануваат шупливи и кршливи. Конзервансот се става во кутија, а врз него, во исправена положба, се поставува цвеќето, кое има мало стебло од околу 2,5 cm., прицврстено со жица. Кутијата се покрива со капак и најчесто по два дена завршува процесот на сушење. Цветовите од кутијата се вадат со лажица,а од нив со четка се чисти конзервансот.

***клучни поими:***

видови конзерванси за сушење на растенија;

техника на сушење со конзерванси.

## Сушење со глицерин

Сушењето со глицерин е техника на сушење, која е особено погодна за сушење на гранчиња и листови. За оваа техника се користи глицерин, кој навлегува во стеблото на растението, заменувајки ја водата.

Ако стеблата се сушат поставени во вертикална, исправена положба, се прави смеса од глицерин и топла вода во однос 1 : 2 и во неа се потопува околу 7,5 cm од стеблото на растението. Процесот трае 1-8 седмици, а се изведува на ладно и засенетно место. Ако стеблата се сушат во хоризонтална, легната положба, се прави раствор од глицерин и топла вода во однос 1 : 1.

Процесот на сушење е завршен кога листовите целосно ќе ја сменат бојата. Потоа може да се измијат и да се потсушат со хартиена салфетка.

***клучни поими:***

улога на глицеринот при сушење на растенијата;

сушење на растенија во вертикална положба;

сушење на растенијата во хоризонтална положба.

## Скелетизирање

Скелетизирање на растенијата претставува техника на сушење, при што се добиваат мошне ефектни листови, но најдобро е оваа техника да ја изведуваат професионалци.

Во домашни услови скелетизирање на растенијата може да се направи, ако здрави и големи листови се стават во вода, во која има растворено сода бикарбона, и се остават да вријат околу еден час. Потоа, под млаз вода, се трие зелената површина од листот, најдобро со спротивната страна на ножот, при што од листот останува само неговата нерватура.

***клучни поими:***

техника на сушење на растенијата со скелетизирање;

## Сушење во микробранова печка

Сушењето во микробранова печка е најбрз метод на сушење на растенијата, при што во голема мера се задржува нивната боја.

Растенијата се поставуваат врз неколку слоја впивлива хартија, во микробранова печка, која се вклучува на 2-3 минути. Потоа се оставаат неколку дена да се досушат и се подготвени за аранжирање.

***клучни поими:***

техника на сушење на растенија во микробранова печка.

***Прашања за тематско повторување:***

*Кои се задачите на аранжерот на цвеќе?*

*Кога се појавило аранжирањето во Европа и во светот?*

*Како е поделена опремата за аранжирање растенија?*

*Како е поделен растителниот материјал за аранжирање?*

*Која е функцијата и значењето на основните групи на растителен материјал за аранжирање?*

*Кои се предностите и недостатоците на аранжманите од суви растенија?*

*Наброј ги техниките на сушење на растенијата!*

# ТЕМА:  СТИЛОВИ НА АРАНЖИРАЊЕ

Во темата „Стилови на аранжирање” се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

-Класификација и  видови на растителни аранжмани;

-Обемен стил на аранжирање на растенијата;

-Линиски стил на аранжирање на растенија;

-Линиско-обемен стил на аранжирање на растенија;

-Мешан стил на аранжирање на растенијата.



# ТЕМА: СТИЛОВИ НА АРАНЖИРАЊЕ

## Основни стилови на аранжирање на растенијата

Постојат стотици видови на растителни аранжмани и невозможно е сите да бидат класифицирани и точно опишани.

Во зависност од местото каде што ке биде поставена композицијата,

растителните аранжмани може да бидат:

- многустрани и
- еднострани.

Многустраниот, растителен аранжман е создаден да се гледа од сите страни и се поставува во средината на просторот. Гледан одозгора, многустраниот аранжман може да има округла, овална или квадратна форма.

Едностраниот, растителен аранжман е создаден да се гледа само однапред или евентуално од страна. Погоден е за бифеа и агли, односно ќошеви. Гледан одозгора има форма на триаголник.

Во однос на стилот, растителните аранжмани можат да бидат изработени во:

- слободен стил и
- строг стил.




*Стилови на аранжирање (слободен и строг стил)*

Слободниот стил на аранжирање ги избегнува строгите, геометриски линии, а за разлика од него, кај строгиот стил на аранжирање, формите се најчесто геометриски.

Најголем број аранжери ја применуваат класификацијата, која е направена, врз основа на слободниот простор во границите на композицијата.

Според оваа класификација се разликуваат четири стила на аранжирање:

- обемен (масивен ) стил на аранжирање на растенијата;
- линиски стил на аранжирање на растенијата;
- линиско-обемен стил на аранжирање на растенијата;
- мешан стил на аранжирање на растенијата.

Кај композициите кои се изработени во обемен, односно масивен стил на аранжирање, слободниот простор во границите на композицијата е многу мал.

Кај растителните аранжмани, изработени во линиски стил, слободниот простор во границите на композицијата е голем.

Кај композициите во линиско-обемен стил на аранжирање има слободен простор, освен во делот кој е ограничен со линиски, растителен материјал.

Композициите изработени во мешан стил на аранжирање, обединуваат повеќе стилови или пак, тоа се композиции кои не можат да се вклучат во ниту една од споменатите групи на стилови.

***клучни поими:***

класификација во зависност од местото на поставување на аранжманот;

класификација во однос на стилот на изработка на аранжманот;

класификација врз основа на слободниот простор во границите на композицијата.

## Обемен стил на аранжирање на растенијата

Корените на обемниот стил на аранжирање на растенијата се во Европа. Создаден е во времето на ренесансата, во 17 век, и набрзо станал инспирација за многу ликовни дела на холандските мајстори, така што овој стил на аранжирање, благодарение на холандските уметници, станал бесмртен.

Во 18 век, најраспространети композиции во обемен стил на аранжирање се аранжманите со овална форма, а во 20 век, стилот трпи промени и во овој период е популарна триаголната форма, а композициите стануваат малку послободни.





*Композиции во обемен стил на аранжирање*

Основни карактеристики на обемниот стил на аранжирање на растенијата се :

- слободниот простор во границите на композицијата е многу мал или воопшто го нема;

- аранжманот задолжително е многустран;

- изработката започнува со формирање на скелет (од исправена оска и неколку хоризонтални странични линии);

- скелетот се покрива со растителен материјал, но притоа не се создава конкретна фокусна точка;

- промените во композицијата во однос на формата и бојата се постепени.

Најчест аранжман во овој стил, а за милиони луѓе во светот и единствен, е букет во ваза. Многу често ефектот на букетот во ваза е слаб, а трајноста на букетот е мала. За овој вид аранжман да изгледа поубаво, стеблата се сечат со различна височина, а може да се додадат и листови од други растенија. За

поприроден ефект, букетот, пред да се стави во вазата со вода, може да се врзе во снопче.

За украсување на маса, со години наназад се користи округла, ниска композиција со комплетно скриени стебла. Оваа композиција во денешно време се нарекува бидермаер. Кај вистинскиот бидермаер цветовите се наредени во вид на концентрични кругови во различни бои, а од надворешната страна на бидермаерот има мал слој од лисја. Со помош на сунѓерот за аранжирање може да се изработат различни форми и големини на аранжмани во овој стил.

Во поново време, најчесто се изработуваат композиции во форма на триаголник или конус, со мали димензии, погодни за маса или такви кои достигнуваат до таван. Овие аранжмани се погодни за различни прилики, а може да бидат изработени од свеж или сув растителен материјал.

***клучни поими:***

појава на обемен стил на аранжирање;

карактеристики на обемен стил на аранжирање на растенијата;

букет во ваза; бидермаер;

композиции во форма на триаголник или конус.

## Линиски стил на аранжирање на растенијата

Линискиот стил на аранжирање на растенијата е спротивен на обемниот. Основан е на Исток, а правилата за овој стил на аранжирање биле создадени пред повеќе од 1000 години, во Кина.



*Композиција изработена во линиски стил*

Основни карактеристики на линискиот стил на аранжирање на растенијата се:

- голем слободен простор во границите на композицијата;

- ограничена употреба на растенија;

- од средствата за зацврстување најчесто се користи кензан;

- секој елемент од композицијата е од значење сам за себе;

- ефектот на композицијата го создаваат линиите, а не обемот;

- промените во композицијата се нагли.

Во овој стил на аранжирање се изработуваат модерни, современи, асиметрични композиции, без досадни правила, без растителен материјал за пополнување. Садот за аранжирање најчесто е наполно откриен, што значи дека треба да се одбере внимателно, како дел од композицијата.

Единствена композиција од овој стил, која има строго геометриска форма и се работи според однапред поставени правила, е вертикалната композиција. За изработка на оваа композиција е потребно ефектно гранче, кое се поставува вертикално, во вид на централна оска. За покривање на средствата за зацврстување во основата, може да се употреби папрат, а неколку цветови се поставуваат блиску до основата или по должина на централната оска.

Во линиски стил на аранжирање на растенијата се изработува и познатата композиција- икебана.

Во западниот свет, изразот икебана се толкува како јапонска техника за распоредување на цвеќето, со цел да се направи композиција не само со декоративна, туку и со уметничка вредност. Често оваа композиција ја нарекувале,, Две гранки и едно цвеќе", што покажува колку малку ја разбирале богатата симболика на привидно простите форми.

За Јапонците, икебаната не е само начин на подредување на цвеќето, туку начин на оживување на цвеќето. За нив, икебаната претставува пат кон просветлувањето.

Преводот на јапонскиот збор икебана е ,,цвеќе што живее". Тој се состои од два збора ,,ике,,-што живее и,,хана,,- цвеќе, лист, гранче, односно сѐ што е зелено.





*Линиски стил на аранжирање (икебани)*

За да се изработи икебана не  е потребно скапо цвеќе, туку се употребуваат и корења, свиткани гранки, камења, школки и други материјали. Преку икебаната, Јапонците изразуваат некоја замисла, движење, игра, па дури и чувство. Затоа икебаната прво ја осмислуваат, а потоа  полека ја изработуваат.

Денес, може да говориме за 14 стилови на икебана и за многу школи во Јапонија и во Италија, како и за многу книги напишани за икебаните.

Секоја икебана ја карактеризираат три линиски, растителни елементи со три различни височини и три фокусни точки:

- Небото е највисоко;

- Човекот е во средината;

- Земјата е најниско.

Изучувањето на икебаната почнува со развивање на основните стилови, кои се утврдени во школите за икебана.

Икебаната во стилот ,,нагеире,, се работи во висока, тесна цилиндрична ваза.

Стилот ,,сеика” е строг триаголен стил, во кој сите стебла излегуваат од една точка.

Стилот ,,морибана” претставува слободна композиција, која се работи во плитки садови, при што најчесто  се создаваат пејзажи.

Јапонците успеваат долго време да ги одржат композициите во живот со често прскање со вода, избегнување на провев и температурни разлики.Тие имаат и посебни простории за чување на икебаните наречени ,,токонома”.

Дури и во градините, Јапонците остваруваат композиции во стилот икебана, при што придаваат симболичко значење на камењата, стеблата, патеките.

***клучни поими:***

појава на линиски стил на аранжирање на растенија;

основни карактеристики на стилот;

вертикална композиција;

икебана;

фокусни точки на икебаната;

стилови на икебани.

***Нешто повеке за икебаните...***

**Школи за икебана**

Во Јапонија има три најпознати школи за икебана:

**Икенобо**

Оваа школа била основана во средината на 15 век, од еден свештеник од будистички храм. За разлика од другите школи, во Икенобо и денес се присутни старите стилови на икебани. Композициите на овие стилови имаат длабока филозовска смисла и симболика и најчесто го одразуваат богатството на природата. Гранките на бор, на пример, ги симболизираат планините и камењата, а белите хризантеми, реките и малите извори.

Школата Икенобо се јавува како чувар на најдревниот стил Рикка. Во основата на конструкцијата на овој стил, присутен е разностраниот триаголник, кој претставува симбол на совршената хармонија. Стилот Рикка има строги правила, како во однос на количината на избор на гранки и цветови, така и во однос на положбата на секое од растенијата. Најчесто, за изработка на икебани во стилот Рикка, се користат широки и длабоки садови.

**Охара**

Кон крајот на минатиот век, со увозот на нови видови раскошни цвекиња, во различни бои, е основан нов стил ( кој набрзо станал сензација во светот на икебаните) и школата Охара.

Основачот на оваа школа почнал да користи шарени цветови во своите аранжмани (најчесто од увоз), и да ги аранжира во ниски, плитки садови, создавајќи мали, пејзажни минијатури. Така бил создаден новиот стил Морибана. Иако овој стил

предизвикал протести и критики од страна на мајсторите на традиционалниот стил, публиката го прифатила, а школата Охара, со својата популарност добила многу ученици.

**Согецу**

Називот на школата Согецу потекнува од спојот на јапонските хиероглифи, кои означуваат трева и месечина, а тоа всушност го одразува длабокото разбирање на природата и нејзината поврзаност со бесконечната вселена. Нејзиниот основач мислел дека икебаната треба да се менува во согласност со менувањето на погледите и условите во општеството и дека аранжерот треба да биде слободен во изразувањето на индивидуалните творечки идеи со помош на композициите од цвеќе. Тој го пронашол новиот начин на создавање на композиција, користејќи нови техники на распоредување на цвеќето и употребувајќи природен и неприроден материјал (камења, пластика, пердуви, жица, корења, листови, делови од трупец и.т.н. )

**Конструкција на икебаната**

Икебаната е тродимензионална, таа има висина, ширина и длабочина. Нејзината конструкција почнува да се гради од разностран триаголник, кој за Јапонците претставува идеална форма на хармонија. Се создава од три главни гранки:

Најдолгата гранка  на шема се означува со круг.

Втората по должина гранка  се означува со квадрат.

Најкратката гранка игра главна улога и дава најголем ефект, особено, во однос на боите и се означува со триаголник.



*Шематски приказ на трите  основни гранки на икебаната*

Краевите на главните елементи ги сочинуваат врвовите на триаголникот, кој ке го добиеме, ако  визуелно ги соединиме со прави линии. Помеѓу главните елементи се ставаат и помошни гранки и цветови, кои зависат од вкусот на аранжерот, но секогаш треба да бидат пократки од главниот елемент и да бидат насочени во иста насока со него.

## Лиnиско - обемен стил на аранжирање на растенијата

Кај аранжманите во овој стил на аранжирање на растенијата, во еден дел од композицијата има слободен простор, а  во другиот дел нема, (односно е исполнет со листови и цветови).

Линиско-обемниот стил на аранжирање на растенијата, настанал со обединување на обемниот стил, карактеристичен за Западот и линискиот стил, кој е карактеристичен за Истокот.




*Композиции во линиско обемен стил*

Основни карактеристики на линиско-обемниот стил на аранжирање на растенијата се:

- скелетот се формира од линиски материјал;

- тој е само ,,облечен",а не и покриен со цветови и листови;

- кај повеќето композиции, најголем дел од растителниот материјал е сместен во основата, а над него се извиваат разредени гранки

Во минатото, во овој стил на аранжирање се работеле само геометриски форми, а денес се популарни несиметрични композиции.

Најпозната композиција во овој стил е т.н. ,,симетричен триаголник” . Оваа композиција се состои од две хоризонтални линии во основата, кои се формирани од еден ист линиски материјал и две вертикални линии, како страните на триаголникот.

Поефектна е композицијата т.н. ,,асиметричен триаголник”. Оваа композиција личи на латинската буква ,,Л”,а линиите на триаголникот се со различна должина.





*Композиции во линиско обемен стил*

Мошне ефектна композиција, која се изработува во плиток сад од голи или разлистени гранки од дрва или грмушки, со чија помош се создава извиткана силуета, е композицијата т.н. ,,полумесечина”. Извитканите гранки се поставуваат на еден крај од цвеќарскиот сунѓер, така што едната страна треба да е повисока од другата. Тајната на успехот на оваа композиција е да се создаде впечаток дека полумесечината е направена од цели гранки, затоа средствата за зацврстување треба да се скријат со покрупни цветови или растителен материјал за пополнување.

Интересна композиција која се изработува во висок сад, а е погодна за централни аранжмани на маса, кои обично вклучуваат и свеќа е т.н. ,,обратна ( свртена) полумесечина”. Кај оваа композиција, вертикалниот линиски материјал е со покуси стебла, а хоризонталниот со подолги, кои естетски паѓаат надолу. Ефектот на паѓање се потцртува со додавање на растенија со меки стебла околу основата на аранжманот, како на пр. бршлен.

Слободни композиции во овој стил потешко се создаваат.

***клучни поими:***

појава на линиско-обемен стил на аранжирање на растенијата;

основни карактеристики на стилот;   симетричен триаголник;

асиметричен триаголник;   полумесечина;   обратна (свртена) полумесечина.

**Мешан стил на аранжирање на растенијата**

Композициите во овој стил можат да бидат изработени со различни размери, од мали, минијатурни до впечатливо големи.

Минијатурните композиции бараат многу малку растителен материјал, но многу знаење и вештини за нивна изработка. Најмалите грешки, кои кај големите композиции нема да се забележат, кај минијатурните веднаш ќе паднат во очи.

Минијатурните композиции кои се изработуваат за изложби се со димензии ( висина и ширина) од најмногу 10 cm.

Големите композиции најчесто се користат во хотелски фоајеа или големи салони, а нивната височина е повеќе од 1m.




*Композиции во мешан стил*

Во овој стил, денес, најпопуларни се паралелните композиции. Тие се работат на правоаголен цвеќарски сунѓер, така што се покрива само долниот дел од вертикалните стебла на растенијата и сунѓерот (со листови, цветови или плодови).

Во мешан стил на аранжирање на растенијата, се вклучени и композициите - венци и гирланди.

Гирландите се најстари, висечки, цветни аранжмани за столбови, а венците најчесто се изработуваат за закачување на врата или ѕид.

***клучни поими:***

карактеристики на мешан стил на аранжирање на растенијата;

паралелни композиции;

венци и гирланди.

***Прашања за тематско повторување:***

*Како се поделени аранжманите во зависност од местото каде што ќе бидат поставени?*

*Како се поделени аранжманите во однос на стилот?*

*Кои се карактеристиките на обемниот стил на аранжирање?*

*Кои се карактеристиките на линискиот стил на аранжирање?*

*Кои се карактеристиките на линиско обемниот стил на аранжирање?*

*Кои композиции се вклучени во мешан стил на аранжирање?*

***Изработи растителен аранжман во еден од изучените стилови на аранжирање на растенија !***

# ТЕМА:  ТЕХНИКИ И ДИЗАЈН НА АРАНЖИРАЊЕ

Во темата „Техники и дизајн на аранжирање” се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

- Сложување на бои во композицијата;

- Карактеристики на добар дизајн;

- Десет златни правила;

- Практични совети околу грижата за растителниот аранжман:

- Аранжирање на ентериери.



# ТЕМА:  ТЕХНИКИ И ДИЗАЈН НА АРАНЖИРАЊЕ

## Сложување на бои во композицијата

***Како да се изберат боите за изработка на растителен аранжман?***



*Круг на боите*

При изработка на растителни аранжмани постојат повеќе правила, односно совети кои се однесуваат на боите:

При изборот на бои, во растителната композиција  која се изработува, треба да се вклучи една боја од ентериерот.

Темна композиција стои добро ако е поставена на бела позадина, но се губи кога е поставена до  кафеави завеси или  мебел од темно дрво.

На лошо осветлени места се користат светли бои на растителни композиции. Сини или виолетови цветови, ќе се изгубат ако се поставени на слабо осветлено место, но ќе блескаат на сончева светлина.

Во однос на сезоната, при изборот на бои, пролетта  е време за жолта и сина боја, есента за кафеава, портокалова и жолта, летото за сите јасни, силни и  чисти бои, Божиќ за бела и кармин-црвена боја.

Распределбата на боите во растителниот аранжман треба да биде со групирање.Во однос на количината, при изработка на растителните аранжмани, една боја треба да преовладува, а другите само да дополнуваат. Не се користи еднакво количество на растенија со различни бои.

Темните бои внатре во аранжманот даваат длабочина. Полесно се комбинираат растенија кои имаат посветли бои, со растенија со потемни нијанси .

Топлите бои создаваат илузија дека цветовите се поблиску, а студените дека се подалеку. Композицијата ја смируваат студените бои.

## Начини на сложување на боите во композицијата

Постојат главно четири начини на сложување на бои во композицијата:

- Монохроматско сложување на бои;
- Полихроматско сложување на бои;
- Аналогно сложување на бои;
- Контрасно сложување на бои.

### Монохроматско сложување на бои

При монохроматско сложување на бои се користат темни и светли нијанси на една основна боја. При вакво, ограничено користење на бои, ќе се истакне формата на композицијата. Растителниот материјал добро е да биде со различна форма, размер и текстура.




*Композиции со монохроматско сложување на бои*

### Полихроматско сложување на бои

При полихроматско сложување на бои, во композицијата се користат повеќе различни бои, но со различно количество.

 

*Композиции со полихроматско сложување на бои*

## Аналогно сложување на бои

При аналогно сложување на бои  се користат две, три, или четири  бои од соседството на кругот на бои,на пр: жолта, портокалова и кафеава боја.

 

*Композиции со аналогно сложување на бои*

## Контрастно сложување на бои

При контрастно сложување на бои во композицијата се користат спротивни, односно контрастни бои, кои се наоѓаат една спроти друга во кругот на боите, на  пр: сино со портокалово или темна нијанса на една боја со светла нијанса на друга контрастна боја.



*Композиција со контрастно сложување на бои*

***клучни поими:***

монохроматско сложување на бои;

полихроматско сложување на бои;

аналогно сложување на бои;

контрастно сложување на бои.

## Седум карактеристики на добар дизајн

За да се постигне добар дизајн при изработката на растителни аранжмани, треба да се внимава на следните карактеристики:

1. Стилот на аранжирање,

2. Размерот,

3. Позадината,

4. Текстурата,

5. Рамнотежата,

6. Раздвиженоста,

7. Бојата.

1. Пред да се почне со изработка на аранжманот, треба да се одбере стилот во кој ќе се изработи растителната композиција.

2. При аранжирањето треба да се внимава на размерот. Елементите во аранжманот кои можат да се видат, треба да бидат сразмерни.

Постои ,,златно паравило" за размерот, според кое, ако садот е висок 1m, композицијата треба да биде висока 1,5m. Ако садот е широк 1m , композицијата треба да биде висока 1,5 m.

3. За да се постигне саканиот ефект, треба да се обрне внимание и на позадината. На пр.:

- Ако позадината е шарена, растителната композиција не треба да биде со шарени цветови.

- Композиции со бледи цветови, не треба да се поставуваат на кремаста или бела позадина.

- Мала композиција, поставена во огромна просторија изгледа жално.

- Во просторија со класичен стил на мебел, не треба да се поставува апстрактна композиција.

- Во ходник не треба да се поставуваат аранжмани кои го отежнуваат минувањето.

- На маса не треба да се поставуваат композиции кои пречат на разговорот.

4. Текстурата е важна карактеристика, на која треба да ѝ се посвети особено внимание при аранжирање на растенијата. Различната текстура на растенијата во аранжманот, (кадифена, мовлеста, мат, сјајна) ја прават композицијата поинтересна, бидејќи се избегнува монотонијата.

5. Во однос на рамнотежата, средствата за зацврстување треба да бидат добро фиксирани, а садот за аранжирање, стабилен. За да ја издржи тежината од растенијата, во садот може да се стави песок или чакал, бидејќи, ако композицијата е нестабилна има опасност таа да се преврти.

Визуелната рамнотежа е многу важна. Цветовите со темна боја изгледаат потешки. Големите цветови придонесуваат за рамнотежа.Тие се поставуваат централно или поблиску до долниот дел од композицијата. Ако се неправилно подредени, аранжманот ќе делува неизбалансирано.

6. Раздвиженоста го означува ритамот во композицијата. За да се постигне раздвиженост треба:

- да се користат цветови во различни стадиуми на развој;

- да се користи зеленило;

- да се користат листови со различни форми и размер и свиткани стебла;

- да се скријат дел од стеблата;

- цветовите да се распоредат внатре и надвор од композицијата.

Но, секогаш треба да се почитува ,, златното правило": Со ништо не треба да се претерува". Ниту еден дел од композицијата, не треба да го задржува погледот премногу долго.

7. Бојата е првото нешто што се забележува во композицијата. Најсигурен начин е да се користат потемни и посветли нијанси на една боја, а најсмел е да се користат контрастни бои.

***клучни поими:***

стил; размер; позадина; текстура; рамнотежа; раздвиженост; боја.

***Нешто повеќе...***

***Корисни совети за креирање на растителен аранжман***

**Десет златни правила при аранжирање на растенијата:**

**1.** Сите потребни материјали треба да бидат на едно место, а не расфрлени по масата.

**2.** Пред почетокот на работата, работната маса да се покрие со водонепропустлива хартија.

**3.** Пред да се избере садот и растенијата, треба да се знае размерот и да се има претстава за композицијата.

**4.** Садот треба да се избере внимателно. Најчеста грешка е да се избере сад кој е премногу голем или премногу шарен.

**5.** Изборот на растителен материјал треба да се врши внимателно. Да се избере линиски, растителен материјал; основен, растителен материјал и растителен, материјал за пополнување.

**6.** Прво се поставува линискиот, растителен материјал, па основниот и на крај се поставува растителниот материјал за пополнување( за да се создаде дополнителен ефект, да се скријат средствата за зацврстување и да се ублажи преминот од една во друга боја).

**7.** При изработка на триаголни композиции, стеблата се поставуваат така што ќе излегуваат од една точка на средствата за зацврстување.

**8.** Треба да се избегнува монотонијата и едноличноста. Стеблата да бидат со различни должини, темните цветови да бидат повнатре во композицијата, а сите цветови да гледаат напред.

**9.** Од време на време, треба да се погледне композицијата на еден чекор растојание од неа.

**10.** На крајот работното место треба да се исчисти и да се продолжи со грижата за аранжманот и по создавањето.

**Практични совети околу грижата за растителниот материјал**

- При режење на цвеќето, треба да се користат чисти инструменти за да се избегнат бактерсики инфекции.
- Да се користи остар алат, а резот да биде мазен, за полесно да продира водата која го храни цветот.
- Резот треба да биде кос, за да се зголеми површината за вшмукување на вода.
- Резот треба да се обновува секој ден по 2-3 cm, за растението постојано да впива вода.
- Цвеќето не треба да биде стегнато во тесно грло на вазата, тоа бара простор.
- Цвеќето бара светлина, но не и директно сонце.
- Водата треба да биде отстоена бидејќи има помалку кислород. Кислородот се спојува со полифенолите кои ги содржат растенијата и предизвикува затнатост.
- Цвеќето треба да се чува подалеку од овошје (јаболка и круши), бидејќи овошјето испушта материи, кои го забрзуваат отварањето на цветовите.
- Долните листови од цвеќето треба да се отстранат, бидејќи содржат полифеноли кои ќе предизвикаат затанатост.

- Дрвенестите стебла полесно ќе впиваат вода, ако се излупи кората 2,5-5 cm и се направи мал надолжен рез.

## Аранжирање (дизајнирање) ентериери

Влијанието на растенијата врз луѓето е општопризнато. Денес малку е веројатно дека постои дневна соба без некоја растителна композиција - сува или свежа, природна или вештачка, од саксиско или режано цвеќе. Во однос на распоредувањето на растителноста во ентериерот, нема посебни правила, нема добро или лошо, бидејќи се работи за различни вкусови.

Пред да се започне со аранжирање на ентериери, добро е да се прочитаат следните совети, кои не е задолжително да се следат:

- Аранжманот е најубав кога садот, растенијата и стилот се во хармонија со просторијата.
- За простории со модерен мебел, одговараат растителни аранжмани во слободен, апстрактен стил.
- Не е задолжително аранжманите да се поставуваат на маса, бифе или на прозорецот.
- Високи, стаклени садови не се поставуваат таму каде што малите деца може лесно да ги турнат.
- Многубројни, еднакви композиции изгледаат монотоно.
- Од гледна точка на дизајнот, подобро е да има една главна и неколку помали, споредни композиции кои се во склад со видот на растението, садот или стилот.
- Со растенијата не треба да се претерува. Куќата не е цвеќарница.

### Аранжирање ходници

Ходникот, или т.н. зона на минување, е првата просторија која ја поминуваат нашите пријатели и затоа може да се дефинира како наша карта за презентирање. Тука посетителите го добиваат првиот впечаток за домот. При изборот на растенија за оваа просторија треба да се анализираат условите. Лошата светлина и ниските, ноќни температури го ограничуваат бројот на

собни, саксиски растенија , но не се проблем за аранжмани од свежи и суви цвеќиња.

Никој не стои долго во ходникот. Затоа композицијата треба да биде ефектна и да остави моментален впечаток. Садот треба да биде доволно тежок или низок, а растенијата не треба до го отежнуваат минувањето.

Во помали ходници и композициите треба да бидат мали, бидејќи ако композицијата е голема, ходникот ке изгледа уште помал.

Композициите од суви или вештачки цвеќиња не се поставуваат во ходници. Нивното место е во простории кои не се толку важни.

## Аранжирање кујна

Голем дел од времето се поминува во кујната, а внесувањето на растенија во оваа просторија ќе го направат престојот уште попријатен. Полиците и рафтовите се најчесто идеален простор за поставување на растенија. При распоредување на растенијата треба да се внимава тие да не се поставуваат блиску до апаратите кои испуштаат топлина (шпорети машини за садови). Кога се одбираат растенијата, треба да се избегнуваат примероци со меки и нежни лисја, заради испарувањата кои се случуваат во кујната и таложење на мрснотии врз лисјата. Затоа не се препорачуваат и аранжмани од суви растенија. За кујната се погодни лиснодекоративни растенија кои лесно се бришат со крпа (фикус, филодендрон и сл.).



*Аранжирање кујна*

Во кујната убаво би прилегале и едноставни композиции од нарциси, ружи, плодчиња и суви листови, поставени во кујнски сад или глинена чашка. Ароматични растенија поставени во саксија, истовремено ќе бидат и декорација во кујната и зачин во храната.

## Аранжирање дневна соба

Дневната соба е најупотребуваната просторија во домот. Затоа, амбиентот во неа треба да ни пренесе виталност и радост. Празниот агол или страничната масичка се идеални места за поставување на растителни композиции. Секогаш треба да се води сметка за типот на саксијата, која може да привлече внимание, но треба да биде во согласност со стилот на аранжирање и мебелот во просторијата.



*Аранжирање дневна соба*

На полиците, рафтовите или прозорците се поставуваат растенија со помал раст и димензии. Растенијата не смеат да се распоредуваат на сите можни места.

Особено декоративни за оваа просторија се аквариумите и терариумите.



Аквариум



Терариум

Кога во стаклени садови ќе се насадат група на кактуси и растенија со месести листови врз обоена почва, сликата која ќе ја произведат, штом ќе се поставаат врз мебелот или на работ од прозорецот, е навистина пријатна.

## Аранжирање трпезарија

Трпезаријата е просторија која е мошне погодна за растителни аранжмани. Централно место во оваа просторија од домот има масата. Изборот на композиции за трпезариската маса е голем ( на пр. неколку свеќи, сад со плодови, цветна композиција од свежи или суви растенија и др.).



Аранжирање трпезарија

Композициите кои се поставуваат на масата, треба да бидат компактни и лесни за да можат лесно да се преместат. Најчесто, растителните аранжмани за трпезариски маси се многустрани.

Ако масата е мала и околу неа се водат разговори, композицијата треба да биде доволно ниска за да може соговорниците да се гледаат.

За округли маси се бираат округли композиции, а за правоаголни-овални, но тоа не е задолжително.

Доколку во домот се собираат повеќе гости, со цел да се означи некој специјален повод, растителните композиции треба да бидат впечатливи, посмели и несекојдневни.

## Аранжирање бања

Растителни аранжмани во бањата најчесто, може да се видат само во списанија. Тоа е така бидејќи на оваа просторија ретко се обрнува внимание при аранжирањето, иако тука се најпотребни свежите бои на растенијата за да ги омекнат строгите геометриски форми и површини.



*Аранжирање бања*

Композициите кои се поставуваат во оваа просторија од домот, треба да бидат поневообичаени, апстрактни. Специјалистите за внатрешно уредување препорачуваат ефектни садови (сребрени, метални или блескаво стаклени). Саксиските видови, како на пр. папрат, драцена, спатифилиум, може одлично да се приспособат на условите во бањата и да дадат освежителен амбиент.

Сувите растенија треба да се избегнуваат или треба да се одбере вид како лавадула, на кој влажноста на воздухот не му пречи.

Ако е потребна попостојана растителна композиција, за оваа просторија може да се одберат вештачки цвеќиња.

## Аранжирање спална

Декорацијата во спалните соби е многу поинтимна работа, за разлика од останатите простории од куќата. Спалните соби се малку прометни места во кои се фаворизира смирена и опуштена атмосфера. Затоа, главна цел на аранжерите е, со помош на растенијата, да се потенцира и освежи и оваа просторија. Во семејните спални соби, најчесто се прават композиции од суви и вештачки цвеќиња. Ако се одберат свежи растенија, треба да се избегнуваат оние со силна арома, на пр. зумбул, јасмин и сл.



*Аранжирање спална*

Според некои експерти за аранжирање, боите на растенијата кои се користат за аранжирање на спалните соби, треба да бидат спокојни и мирни (со сини и кремасти нијанси), иако причините за тоа не се сосема јасни, бидејќи силните бои ја освежуваат просторијата, а штом светлото ќе се изгасне прашање е колку боите ќе го нарушат сонот.

Сензуалните цветови на орхидејата се особено добар избор за оваа просторија, како и растенијата со мали цветови (темјанушка, циклама и сл.). Особено е важно да се аранжира и спалната соба во која ќе престојуваат гости, бидејќи тоа се смета како знак на внимание.

## Аранжирање  работни простории

Потребата од растенија, исто како во домот, човекот ја чувствува и во просториите во кои го поминува работното време. Факт е дека растенијата во канцелариите со голема раздвиженост, внесуваат спокојство и убавина. Денес, канцелариите се состојат од широк простор со прави линии и мебел, кој одговара на функционалноста. За аранжирање на овие простории, особено се погодни големите, тропски растенија како фикус, шефлера, маранта и сл. Комбинацијата на растенија со месести листови и растенијата од пустинските амбиенти даваат топол, елегантен изглед на овие простории.



*Аранжирање работни простории*

Во канцелариите со класичен мебел од  благородно дрво, одлично ќе се вклопат  фасцинантните бонсаи и елегантните палми.

Работната просторија ќе ја преобрази и само еден примерок од убавата стрелиција, а нарцисот ќе го исполни со боја и најмрачното место.

## Композиции за специјални, празнични пригоди

Неколку пати во текот на годината, за време на празници, посебно внимание се обрнува на  аранжирањето на растенијата. Создавањето на композиции во овие прилики е можност, аранжерот да го покаже своето умеење.

Официјалните вечери, се одлична можност да се покажат не само кулинарските, туку и аранжерските способности. За оваа прилика, мали хоризонтални композиции од цветови кои лебдат во плитки садови се доста ефектни. Притоа, композициите не треба да бидат во многу бои.

За строго-официјални вечери на масата се поставуваат и свеќи кои може да се обвиткаат со бршленови гранки. При аранжирање на трпезариската маса за официјални вечери, треба да се внимава за да не се претера со поставување на растителен материјал на масата. Тој треба да зазема 10-20% од површината на масата и не треба да биде повисок од 30 cm. Една боја од сервисот за јадење или од чаршафот со кој е прекриена трпезариската маса, треба да се вклучи во растителните аранжмани.

При аранжирањето на свадби, заради обемната работа, треба да се побара професионална помош. За украсување на црквата треба да се консултира свештеникот околу тоа каде ќе се одвива церемонијата и каде да се постават аранжманите. Влезот и олтарот се обично клучни места за аранжирање на црквата. Местото каде што ќе се одвива свечената вечера или ручек треба да има високи аранжмани, кои ќе се гледаат кога просторијата ќе се исполни со луѓе. Во оваа прилика се претпочитаат пастелни бои и традиционални аранжмани.





*Аранжирање свадби*

Растителните аранжмани кои се користат за време на божиќните празници се традиционални (божиќно венче на влезната врата, гирланди во ходникот и божиќни композиции во дневната соба). Како растителен материјал за изработка на божиќните композиции, најчесто се користи илекс, бршлен или гранчиња од иглолисни видови на дрвја, плодови и шишарки.



*Композиција за празнични пригоди*

Совет на специјалистите за аранжирање е, да има помалку, но убаво изработени аранжмани, а сите божиќни композиции во домот да бидат изработени од една боја ( црвена, бела, златна или сребрена).

***Прашања за тематско повторување***

*Кои се основните начини на сложување на бои во композицијата?*

*Наброј ги седумте карактеристики на добар дизајн!*

*Дискутирај за начинот на аранжирање на просториите во домот!*

***Изработи листа на критериуми за оценување на растителни аранжмани следејќи ги правилата за бои и дизајн !***

***Изработи растителен аранжман во еден од изучените стилови на аранжирање, а потоа оцени го според изготвената листа на критериуми !***

# ТЕМА: ОСНОВНИ ТЕХНИКИ НА ПРОЕКТИРАЊЕ

Во темата „Основни техники на проектирање” се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

- Технички цртеж и техничка документација;
- Прибор за техничко цртање и технички стандарди;
- Методи на проектирање;
- Перспектива и нејзините законитости.



# ТЕМА:  ОСНОВНИ ТЕХНИКИ НА ПРОЕКТИРАЊЕ

## Технички цртеж и техничка документација

При проектирањето и изведбата на проекти од областа на шумарството, освен шумарски инженери, учествуваат и градежни инженери, инженери агрономи, архитекти и сл.

За да биде нивната комуникација разбирлива, потребно е да се изработи технички цртеж. При проектирањето, целиот материјал (цртежи, пресметки, табели, текст) се склопува во папка и се нарекува техничка, односно проектна документација.

На насловната страница на проектната документација се пишува:

- фирмата на проектатнтот ( на пр. ,,Флораскоп”, Скопје)
- наслов на проектот ( на пр. Партерно уредување на дворот околу зградите во населба Карпош)
- датум на изработката ( на пр. декември 2009)

На првата внатрешна страна се пишува раководителот на тимот и учесниците во работата. Потоа следува сертификат за компетентноста на фирмата (од областа на шумарството засега не се бара сертификат), а потоа следи содржината на материјалот (текст, пресметки, цртежи).

**клучни поими:**

технички цртеж,

техничка документација.

## Прибор за техничко цртање и технички стандарди

При изработката на технички цртеж се користи соодветен прибор - технички молив (0,5 или 1,0), боици, рапидографи, линеари, триаголници, шестар,

криволинејки, шаблони за букви, бројки и знаци, хартија за цртање и туширање, гума, леплива трака и др.



*Прибор за техничко цртање*

Хартијата се лепи на маса. Се црта со технички молив, а потоа се тушира со рапидограф. Вообичаено, за еден цртеж се користат барем 3 различни димензии на рапидографи (0,1-0,4-0,7 или 0,2-0,5-0,8).

Притоа, главните контури се извлекуваат со најдебела, котните и шрафурите со најтенка, а оските со средна величина на рапидограф, односно:

- со полна дебела линија  се цртаат главните, видливи рабови;

- со полна тенка линија  се цртаат котни линии и шрафури;

- со испрекината тенка или дебела линија  се цртаат невидливите рабови;

- со црта–точка-црта  се цртаат симетрали и оскини линии.

Најкористени  типови на хартија при изработка на технички цртеж се :

- Обична бела, односно пелир  хартија ( 40gr.) и хартија за копир апарат (70-80 gr.);

- Тврда хартија за туширање (хамер);

- Хартија со линии (милиметарска хартија);

- Проѕирна хартија (паус или паус милиметарска хартија)  и др.

Прописите со кои се одредува обликот, квалитетот, димензииите, како и симболите за изработка на технички цртеж  се нарекуваат стандарди.

Според нив, броевите, буквите и знаците се пишуваат вертикално или под агол од 15 степени. Малите и големите букви се пишуваат со иста дебелина, а нивната височина не смее да биде помала од 2,5 mm.

За успешно проектирање, потребни се и сознанија за теренот, бидејќи дел од активностите се вршат на терен. Притоа, бараниот дел се црта намален според математички принципи, а на него со посебни знаци се прикажани распоредот и меѓусебниот однос на сите елементи.

Распоредот на површините, во однос на страните на светот, на техничкиот цртеж се прикажани така што, горниот дел од листот е север, долу е југ, лево запад, а десно е исток.

Природната вегетација е прикажана така што:

- шумите, грмушките, дрворедите се претставени со зелена боја;

- хидрографските елементи (реки, езера, бунари, извори и сл.) со сина боја.

Вештачките објекти, имињата, како и земјоделските култури се прикажуваат со црна боја. Иглолисните и широколисните видови растенија на цртежот се бележат со посебни ознаки.




*Ознаки на растителноста (1.Иглолисни видови 2.Листопадни видови 3.Растенија за покривање на почвата)*



*Ознаки за објекти (куќа)*




*Ознаки за ѕидови и подлоги (1.Цигли, плочки 2.Камен  3.Дрво)*

***клучни поими:***

прибор за техничко цртање;

типови на хартија;

стандарди;

ознаки за четинарски и лисни видови  растенија.

## Методи на проектирање

На техничкиот цртеж предметот не е претставен онака како што го гледаме, туку во малку изменет облик.



Изгледот на предметот зависи од избраниот метод на проектирање. Се разликуваат три методи на проектирање и тоа:

- централно проектирање,
- ортогонално проектирање и
- аксонометриско проектирање

Централното и аксонометриското проектирање го прикажуваат предметот во сите три димензии (должина, ширина и висина). Ортогоналното проектирање го прикажува предметот во две димензии ( должина и ширина).

**Централно проектирање**

За да се прикаже предметот во централна проекција се одбира точка која ќе ја прикажува положбата на окото и од неа се повлекуваат зраци до сите карактеристични точки на предметот.

**Аксонометриското проектирање**

Аксонометриското проектирање може да служи само како дополнително прикажување, а не и како главен цртеж. Се работи во координантен систем со x, y и z рамнина.

**Ортогонална (правоаголна) проекција**

Ортогоналната, односно правоаголна проекција е најпрактичен метод на проектирање при изработката на техничкиот цртеж.

За целосна и јасна претстава на елементите може да се изработат три ортогонални проекции:

- хоризонтална проекција,
- фронтална проекција и
- профилна проекција

Хоризонталната проекција се нарекува уште и поглед одгоре, односно птичја перспектива. Ако гледаме одгоре и повлечеме зраци паралелни со z-оската, со поврзување ќе добиеме слика која се вика хоризонтална проекција.

Фронталната проекција се нарекува и челна проекција, односно, поглед однапред. Ако гледаме однапред и повлечеме зраци паралелни со у- оската ке добиеме слика во фронтална проекција

Профилната проекција се нарекува уште и поглед одстрана. Ако гледаме одстрана и повлечеме зраци паралелни со х- оската ке добиеме слика во профилна проекција.

***клучни поими:***

методи на проектирање,

хоризонтална проекција;

фронтална проекција;

профилна проекција.

## Перспектива и нејзините законитости

Перспектива значи гледање во далечина, односно изглед на предметите од една точка, под определен агол.

Кај перспективата разликуваме три елементи:

- гледна точка,
- видно поле и
- фокусна точка

Гледната точка го претставува местото од каде што може да се набљудува фокусната точка.

Видното поле претставува просторот меѓу гледната и фокусната точка.

Фокусната точка претставува главен детаљ на крајот на видното поле, кој го привлекува вниманието на посетителот.

Во парковската уметност, перспективата може да се користи на два начини, односно како:

- линиска перспектива и

- воздушна перспектива.

Линиска перспектива се нарекува онаа перспектива, која ги третира промените во големината и формата на елементите. Оваа перспектива, во парковската уметност, се користи за скратување или оддалечување на растојанието на предметите, односно фокусните точки или за создавање на илузија на повисок и понизок терен. На пр.: Ако на ридот се посадат високи дрвја, тој ќе изгледа повисок.





*Линиска и воздушна перспектива*

Воздушна перспектива е онаа перспектива која ги третира промените на боите со оддалечување од стојната точка. Оптичкиот закон гласи дека воздухот ги менува боите. На пр.: Со оддалечување жолтата боја станува зелено-жолта, па светло-црна. Црвената боја со оддалечување станува виолетова, а потоа сина, па црна. Зелената боја станува светлоцрна, а потоа црна. Виолетовата боја станува сина, белата станува жолтеникава и.т.н.

***клучни поими:***

гледна точка,

видно поле,

фокусна точка,

линиска перспектива и воздушна перспектива.

***Прашања за тематско повторување***

*Што е технички цртеж?*

*Како се прикажани страните на светот на цртежот?*

*Како се означуваат иглолисни и широколисни видови растенија на цртежот?*

*Наброј ги трите методи на проектирање!*

*Што е перспектива и кои елементи ги разликуваме кај перспективата?*

# ТЕМА: ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНО ЗЕЛЕНИЛО

Во темата „Проектирање на индивидуално зеленило” се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

- Целта и задачите на проектирањето на зелени површини;
- Историски развој на парковската архитектура;
- Процес на проектирање;
- Принципи во пејзажниот дизајн;
- Зонирање и циркулација;
- Архитектурни елементи.



# ТЕМА: ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНО ЗЕЛЕНИЛО

## Цел и задачи на проектирањето на зелени површини

Целта на планирањето и проектирањето на зелени површини е да се создадат композиции од растенија, кои ке задоволат одредени потреби на луѓето. Дел од тие потреби се: задоволување на есетските барања, избор на растителни видови во согласност со климатските и почвени карактеристики на просторот и вклопување на композицијата во околината.

Познавањето на растителните видови, нивниот изглед (хабитус) и нивните животни потреби, се дел од работите кои пејзажниот дизајнер треба да ги познава, а секако тука е вклучена и уметничката компонента која пејзажниот дизајнер треба да ја поседува. Токму способноста за просторно обликување на зелените површини и дава уметнички статус на оваа професија.

При креирањето на зелени површини, пејзажниот дизајнер истовремено ги решава естетските, техничките и функционалните проблеми.

Притоа, ако се проектираат поголеми простори на зелени површини, станува збор за пејзажна архитектура, а ако се проектираат зелени површини со помали димензии, се работи за градинска архитектура. Поимот градинска архитектура или хортикултура произлегува од лат.збор ,,хортус" што значи градина.

Но денес, вообичаено, се користи терминот ,,зелени површини",а означува различни категории објекти на парковската архитектура.

Според намената и содржината постојат различни категории на зелени површини:

- ботаничка градина,
- камена градина,
- дендро парк,
- дрвореди,
- градина на покрив,
- детски игралишта,

- парк-шуми, меморијални паркови, спортски паркови,
- домашни градини  и сл.

Елементите со кои се обликуваат објектите во пејзажната архитектура се поделени на:

- живи и
- неживи.

Живите елементи за обликување во пејзажната архитектура се однесуваат на вегетацијата, односно на дрвјата, грмушките, цвеќињата, тревите, мововите, папратите.

Неживите елементи за обликување потекнуваат од неживата природа. Од нив во пејзажната архитектура најчесто се користат: клупи, патеки, тераси, ѕидови, огради, скали, перголи, фонтани, водопади и сл.

Врз основа на елементите за обликување во пејзажната архитектура, се составува композиција, која може да биде планирана во различни стилови:

- геометриски стил,
- пејзажен  стил,
- јапонски стил и др.

Геометрискиот стил се нарекува уште и симетричен стил на пејзажна архитектура. Кај овој стил формите на елементите за обликување на композицијата се строги, геометриски. При креирање на зелени површини во геометриски стил, вештачки се менува природниот изглед на пејзажот и се отфрла сѐ што е споредно. Во овој стил се оформени првите паркови.




*Геометриски стил на пејзажна архитектура*

Пејзажниот стил се нарекува и англиски стил на пејзажна архитектура, бидејќи за прв пат во Европа се појавува во Англија, во 18 век. Формите на елементите за обликување на композицијата кај овој стил се слободни и наполно ја отсликуваат природата. При креирање на зелени површини во пејзажен стил, уметничкиот ефект се постигнува со користење на природните форми на растенијата и пејзажот.



*Пејзажен (англиски) стил*

Јапонскиот стил се нарекува уште и јапонски парк. Обликувањето на композицијата во јапонски стил се состои во тоа што со креативни постапки и модификации се имитира природата, со внесување на камен, песок, карпи, вода.



*Јапонски стил на пејзажна архитектура*

Постои и комбиниран стил на пејзажна архитектура, при што средишниот дел од композицијата се оформува во геометриски, а периферните делови се оформуваат во пејзажен стил.

Задачата на пејзажниот дизајнер е да ги лоцира одделните категории на зелени површини, а потоа да изработи проект на пејзажот. Притоа, пејзажниот дизајнер ги означува само местата и формите на елементите и на инфраструктурата, а изработката на архитектурните и инфраструктурни елементи е во надлежност на други лица.

При изработката на проект на пејзажот, пејзажниот дизајнер мора да води сметка за идниот развој на зелените површини, барем за период од 10-20 години. За секоја зелена површина се оформува проектна документација. Во најголем дел таа се состои од цртежи (за распоредот на растителноста, водните површини, тревниците и архитектурните елементи), но има и кусо образложен предмер и пресметка. Бројот на архитектурни елементи, при пејзажното дизајнирање, треба да биде сведен на неопходен минимум со цел да се остави повеќе простор за растителноста.

***клучни поими:***

пејзажна архитектура;   градинска архитектура, хортикултура;

категории на зелени површини;

елементи за обликување во пејзажната архитектура;

геометриски стил;   пејзажен стил;   јапонски стил;

задачи на пејзажниот дизајнер;

## Историски развој на парковската архитектура

Парковската архитектура во текот на историјата се развивала паралелно со материјалната и  духовната култура.

Нејзини движечки фактори биле:

- постоење на природни услови;

- појавата на богати луѓе;

- потребата од престиж;

- евтина работна рака и

- потребата за одмор и разонода

Според различни енциклопедии, историјата на градинарството се протега низ најмалку 4.000 години од човековата цивилизација.

Парковската уметност за прв пат се јавила, речиси, истовремено во стар Египет, Вавилон и Асирија.

Сликите во египетските гробници, всушност, се едни од најраните физички докази за пејзажна хортикултура и дизајн.

## Египетски градини

Египетските фараони граделе дворци и паркови покрај Нил. Дворот бил разделен на тераси кои биле потпрени со потпорни ѕидови.

Некои од терасите биле засадени со овошки, други биле наменети за шетање или возење со чамец, а оние со палми и платани служеле за одмор и за уживање.



*Египетски градини*

Во египетските градини, во тоа време имало дури и декоративни ѕидови од камен, имало парцели за одгледување на зеленчук, лековити билки и

растенија кои се сметале за свето божество. Светите шуми и декоративни дрвја биле засадени пред или во близина на култните храмови и светилишта .

Исто како храмовите, кои биле репрезенти на Небото, и градините биле поставени во согласност со истиот принцип. Покрај патиштата кои воделе до влезот на храмот биле подигани дрвја.

Поради сушната клима на Египет, одгледувањето на градините значело постојано внимание и зависело од наводнувањето. Голем број на стручни градинари биле вработени во храмовите или во домовите на богатите. Нивна должност била: садење, плевење, наводнување, копање на земјата, берба на овошјето и др

Старите египетски градини во приватните куќи и вили, главно, се користеле за одгледување на зеленчук, а се наоѓале во близина на канал или река. Подоцна тие биле опкружени со ѕидини и нивна цел покрај производството на поголем дел од прехранбените производи, била и одгледувањето на цвеќиња за изработка на венци кои се носеле во свечени прилики и за медицински цели, а служеле и за уживање, задоволство и разубавување на просторот.

Додека сиромашните луѓе, во тоа време, во градините одгледувале зеленчук со кој се прехранувале, богатите луѓе можеле да си дозволат градини подредени со дрвја и декоративни грмушки, како и базени со риби и водни птици.

## Висечките градини на Вавилон



*Градините на Вавилон*

Во Вавилон, покрај Еуфрат, биле изградени познатите висечки градини , односно градини на тераси. Тие биле изградени на столбови кои служеле како цевки за вода или саксии за кедри и чемпреси. Првата тераса била изградена

на височина од 8 m над земјата, а најгорната, односно највисоката тераса била на височина од 22 m и на неа бил сместен дворецот на царот.Висечките градини на Вавилон се познати како светско чудо.

## Персиски градини

Низ историјата на Персија, градините имале централно место во политичкиот живот на владејачката класа. Тие не биле ограничени како места на задоволство и засолниште, туку биле места за поезија, размислување и изолација.Освен тоа, градините биле места за прием на дипломати, за потпишување на договори, за прослава на празници. Сите моменти на дефинирање на националниот идентитет, се одвивале токму во персиските градини.



*Персиски градини*

Геометријата како демонстрација на универзумот, била едно од главните обележја на дизајнот на персиските градини.

Во Асирија дворците биле подигани на вештачки оформено ритче во шума испресечена со патеки, со цел да се има увид во движењето на дивечот. За да биде избран, царот требало самостојно да улови диво животно. Инаку омилен дрвен вид на Асирците бил кедарот.

## Хеленските градини

Грците не поседувале сопствени приватни градини кои демонстрираат богатство, задоволство и раскош, како Египјаните. За хеленските градини е карактеристично тоа што биле украсени со статуи и патишта.

Во стара Грција се создадени ремек дела на скулптури на божества со кои се украсувале парковите наменети за шетање и спортување на граѓаните, но не и на робовите, на кои им бил забранет пристап во нив.

## Римски градини

Римските градини биле места на мир и спокојство, прибежиште од урбаниот живот. Администраторите на Римската империја активно разменувале информации за земјоделството, хортикултурата, сточарството, хидрауликата и ботаниката.

Парковите во Римската империја биле богато украсени со базени, езера, статуи, порти и многу цвеќиња.



*Римски градини*

Во ренесансата парковите изобилувале со растителност, фонтани, чешми, а помалку скулптури.

## Градините во Франција

Во Франција, во време на Луј 14, се оформуваат т.н. геометриски паркови во барок стил.



*Градините во Франција*

Версајскиот парк и денес се смета за ремек дело и инспирација на многу дизајнери. Но за негово одржување е потребна армија од луѓе и многу пари. Формалната Градина (à ла françaисе), односно примерот од Градините на Версај, бил доминантен стил на градини во Европа сѐ до средината на 18 век, кога овој стил на градини е заменет со англиските пејзажни градини.

Можеби токму скапото одржување на популарните француски градини, всушност, и ја наметнало потребата во 18 век, во Англија да се почне со создавање на композиции во пејзажен стил, во кои доминираат тревни површини, езера, реки и кои бараат помалку финансиски средства за одржување.

**Градините на Византија**

Веројатно поради временски и географски бурната историја, не постои единствен, доминантен стил на градини кои можат да бидат етикетирани како “византиски стил” на градини.

Областа на хортикултурата која цветала во текот на долгата историја на Византија, особено, била практикувана во манастирите. Иако има ограничени археолошки докази, со проучување на основите документи на бројните христијански манастири, како и биографиите на нивните светци, може да се зборува за развиена монашка хортикултура, преку записите за нивните градинарски активности. Од овие извори, се дознава дека во манастирските градини имало сложени системи за наводнување, а во нив се одгледувале лозја, зеленчук, овошје и декоративни дрвја, како и зачински и лековити растенија. Улогата на градинарот била често претставена како чин на смирување на монасите.

**Кинески и јапонски градини**

Кинескиот и јапонскиот дизајн на градини традиционално е наменет да потсетува на природниот предел на планините и реките.



*Кинески градини*

Филозофијата на Јинг и Јанг, односно стремежот кон рамнотежа и хармонија е основна карактеристика на кинеските градини. Јинг и Јанг, всушност претставуваат комплементарни спротивности.

Во кинеските градини е изразена идејата за рамнотежа преку имитација на природниот амбиент, односно постоењето на планини, карпи, вода, ветер и други јинг и јанг елементи.

Градината евоцира здрав начин на живот, кој е ослободен од проблемите на цивилизацијата.

Според Кинезите, долговечноста ќе се постигне ако се живее меѓу планините и водата, односно ако се живее со природата.

Симболизмот е клучен елемент на кинескиот дизајн на градини.

Црвената и златната боја претставуваат симбол за среќа и богатство. Ламјите и слични митолошки суштества, исто така, често се среќаваат на портите и вратите во кинеските градини, како симболи за среќа и заштита.

Круговите во градините го портретираат заедништвото, што особено се однесува на членовите на семејството.

Патеките во кинеските градини се често нерамни и понекогаш свесно цик-цак. Овие патишта се исти како човековиот живот. Секогаш има нешто ново или различно кога се гледа од поинаков агол, додека иднината е секогаш непозната и непредвидлива.



*Јапонски градини*

Не постои едноставна дефиниција за тоа што претставува јапонската градина.

За западниот свет, два најочигледни елементи на јапонските градини, се каменот и чакалот.

Компонирањето на убава композиција е важно во која било градина, но она што ја одделува јапонската градина е постигнувањето на таа убавина, преку комбинација на природни растенија, песок, вода и камен. Целта на јапонската градина не е само едноставно да се постигне естетскиот ефект, туку својата инспирација оваа градина ја црпи од двете најголеми религии во Јапонија - шинтоизам и будизмот.

Од најрани времиња, јапонскиот народ ги сметал местата опкружен со природни карпи како живеалишта на боговите. Кога во нив ќе се додадат дрвјата и водата, тоа место традиционално станува света земја. Токму во овие древни шинтоизам - верувања лежи потеклото на креативните јапонски градини.

Кога во 6 век се појавил будизмот, во јапонските градини била претставена будистичката визија на рајот.

Подоцна, околу 14-тиот век, зен - будистичката доктрина го создала најважниот концепт на јапонските градини - симболичен израз на една цела вселена во ограничен простор.

За да се постигне таков ефект се користеле различни помагала - песокот или чакалот претставувале река или океан, карпите и камењата претставувавале острови или планини, а минијатурните дрвја ја претставувале целата шума.



*Зен Градина*

Правењето, создавањето, односно креирањето на убава зен градина внесува мир и чувство на исполнување, не само кај создавачот, туку и во целиот простор.

Ваква градина може да се создаде скоро во секој простор, почнувајќи од големите градини кои покриваат површина од неколку хектари, сѐ до ситните, десктоп - градини кои зафаќаат малку повеќе простор од тетратка. Независно од големината, начинот на создавање на зен градината е ист.

Зен градините, обично, вклучуваат природни елементи, односно дрво, камен и вегетација, но може да се додадат и статуи или други додатоци.

При креирањето на зен градината, добро е да се провери дали поставените елементи се во согласност и со фенг шуи правилата. И, ако градината не е балансирана правилно според фенг шуи правилата, не може да се создадат некои поголеми проблеми, но позитивната енергија со која зрачат овие градини нема да се почувствува.

Зен градината може да биде адаптибилна и постојано да се менува во согласност со желбите.

***Прашања за повторување***

*Како се поделени елементите со кои се обликуваат објектите во пејзажната архитектура?*

*Какви се формите за обликување кај геометрискиот, а какви кај англискиот стил на пејзажна архитектура?*

*Кои се основните движечки фактори на парковската архитектура?*

*Какви биле старите египетски градини, а какви градините на Вавилон?*

*Какви градини се оформувале во Франција, во време на Луј 14?*

*Опиши ги кинеските и јапонските градини!*

## Процес на проектирање

Сите обврски во процесот на проектирање на зелени површини можат да се поделат на две групи:

- обврски на инвеститорот;
- обврски на проектантската организација.

Обврските на инвеститорот опфаќаат набавка и подготовка на сите потребни материјали и документи за процесот на проектирање. Тоа значи дека инвеститорот треба да набави:

- дозвола за изградба;

- информации околу поврзаноста со сообрајкајници, наклонот на теренот;

- информации за постоечки подземни води, водоснабдување, електрификација, постојни архитектурни објекти;

- опис на постоечката почвена вегетација и сл.

Ако инвеститорот не е во состојба да ги набави потребните документи, може да ангажира соодветна установа или работите да ги препушти на проектантската организација, на сметка на инвеститорот.

Обврска на инвеститорот е и да се изјасни за намената на објектот, како и за некои барања во однос на архитектурните форми, хоби на членови во семејството и сл. Ако инвеститорот точно знае што сака, добро е да направи цртежи за разместеноста на патеките и растителноста, осветлување на одделни дрвја и сл.

Обврски на проектантската организација се :

- изработка на идеен проект;

- изработка на главен проект.

Пред да ја прифати работата, проектантот треба да ја проучи целата документација и, ако има, да даде свои забелешки. Главниот проектант одговара за квалитетот на проектот во целина, почитување на роковите и ги усогласува желбите на нарачателот со можностите за изведба.



*Идеен проект*

***клучни поими:***

обврски на инвеститорот;

обврски на проектантската организација;

идеен проект; главен проект.

## Идеен проект

Идејниот проект се изработува во 2-3 варијанти и се дава на инвеститорот да одбере или да изврши евентуална корекција, пред проектантот да продолжи со проектирање. Тој содржи објаснување и цртежи за:

- видот на градежни материјали;

- типови на архитектурни елементи, нивна намена и капацитет;

- зони за комуникација (патеки);

- видот на растителноста (дрвја, грмушки, треви, цвеќе);

- ориентационен предмер и пресметка.

**Главен проект**

По одобрен идеен проект се изработува главен проект. Тој претставува основен документ според кој се врши финансирањето и изградбата на објектот. Главниот проект се состои од шест елементи:

1. генерален план;
2. проект за вертикално планирање;
3. дендролошки проект;
4. технички опис на главниот проект;
5. план за инфраструктура;
6. детална пресметковна документација.

1. Генерален план

Во генералниот план прецизно е дефинирана формата и распоредот на површините, но не е точно дефиниран видот на растенијата. Во овој план листопадните видови растенија се прикажани со заоблени рабови, иглолисните видови растенија со остри рабови, а тревните површини се прикажани со точки. Во легендата називот на растителноста е опишан како: листопадни видови растенија, иглолисни видови, тревни растенија и.т.н.

2. Проект за вертикално планирање

Проектот за вертикално планирање се изработува, само, ако теренот е стрмен. Во него се определени местата за потпорни ѕидови, ископ на земја, потекување на дождовна вода и сл. Ако теренот е рамен, проект за вертикално планирање не се изработува.

3. Дендролошки проект

Во дендролошкиот проект дрвните видови на растенија се точно одредени, односно прецизирани со знак или со број. Знакот, односно бројот на секој дрвен вид, е наведен и во легендата која во дендролошкиот проект, најчесто, се наоѓа на работ од листот.

Во овој проект круната на растенијата се црта во размер со точка во средината, која го означува, односно со која е фиксирано местото за кореновиот систем.

Ако стеблата се распоредени поединечно, во секоја контура на круната на растенијата, се пишува бројот на дрвниот вид, кој е наведен во легендата. Ако се работи за група од стебла, тие во контурите се запишуваат во вид на дропка, така што над дробната црта се пишува дрвниот вид кој е претставен во легендата на дендролошкиот проект, а под дробната црта се запишува бројот на примероци на растенија од кои е составена групата од стебла.

Во склоп на дендролошкиот проект може да се направи и колоритна шема со цел да се истакнат боите на листовите и цветовите на растенијата. Дендролошкиот проект може да содржи и технички опис, односно краток текст за карактеристиките на растенијата или пак, причината заради која е отстранета одделна постоечка растителност од површината (на пр. постоечкиот дрвен вид е отстранет заради лошиот изглед)..

4. Технички опис на главниот проект

Во техничкиот опис на главниот проект, накратко, се објаснува зошто, како и до кога ќе се реализира замислата на проектантот.

5. План за инфраструктура

Инфраструктурата на зелената површина ја изработува специјална организација. Пејзажниот архитект, во планот за инфраструктурата, ги означува само местата за електрика, водовод, канализација.

6. Детална пресметковна документација

Деталната пресметковна документација ги опфаќа потребните финансиски средства за набавка на посадочен материјал, транспорт, копање дупки и сл. При изработка на посложени проекти на зелени површини, потребно е да се изработи предмер со позиции ( на пр. ископ на земја за темели, набавка на водоводни цевки и сл.).

**Работен проект**

Откако инвеститорот ќе го одобри главниот проект се почнува со работа. За таа цел потребно е да се изработи работен проект. Работниот проект содржи план за работа т.н. трасирачки план. Во трасирачкиот план е нацртана координантна мрежа со квадрати, чија големина е најчесто 10-20 m и во неа со точки, кругчиња и различни бои е претставен видот на објектот, кој ќе се изработува.

Во склоп на работниот проект се прави и посадочен план, во кој има само точки и броеви под кои растенијата се заведени во легендата. Во овој план, со точките се всушност означени, фиксирани дупките за садење на растенијата и растојанието во метри.

***клучни поими:***

идеен проект;   генерален план;

проект за вертикално планирање;

дендролошки проект;

технички опис на главниот проект;

план за инфраструктура;

детална пресметковна документација;

работен проект;   посадочен план.

## Проектирање на мали објекти

Наведената проектна документација се изработува, само, ако се проектираат објекти, односно зелени површини со големи димензии.

Проектната документација при проектирање на зелени површини со помали димензии е поедноставна. Таа се состои од следните елементи:

- изработка на скица;
- дендролошки проект;
- посадочен цртеж;
- технички опис и пресметки.

При проектирање на мали објекти ( на пр. домашни градини, школски дворови и сл.), наместо идееен проект, се изработува скица. Во скицата е претставен распоредот на површините (патеки, архитектурни елементи, растителност и сл.)




*Основен план на просторот (1.Куќа  2.Гаража  3.Пацио)*




*Генерален план (1.Тревник  2.Пацио  3.Куќа и растителност)*



*Скица за пејзажно уредување*

Освен скицата, при проектирањето на зелени површини со помали димензии, се изработува и дендролошки проект. Овој проект при проектирање на мали објекти има најголемо значење. Тој се изработува на ист начин како при проектирање на зелени површини со големи димензии.

Кон дендролошкиот проект се приклучува и посадочен цртеж, во кој се означени дупките за садење на растенијата и растојанието меѓу нив. Проектната документација при проектирање на мали објекти се комплетира со технички опис и пресметки.

***клучни поими:***

изработка на скица; дендролошки проект;

посадочен цртеж; технички опис и пресметки.

## Принципи во пејзажниот дизајн

Пејзажниот дизајн се темели главно на два принципи:

1. Морфолошки карактеристики на растенијата;

2. Создавање на фокусни точки.

### Морфолошки карактеристики на растенијата

Морфолошките карактеристики на растенијата се особена важна компонента која дизајнерите мора добро да ја познаваат за да можат да направат што поидеален распоред на растенијата во пејзажот. Користењето на видови, блиски до оние кои растат во околната средина, е пожелно за новосоздадениот дизајн да се вклопи во околината и да биде што поприроден. Една од најважните морфолошки карактеристики е формата на растенијата. Природните форми на дрвјата се во согласност со формата на теренот. Тоа значи дека во планинските региони преовладуваат вертикални форми, а во рамничарските и терените со слаби издигнувања, формите се хоризонтални.

Формата на круната зависи од типот на разгранувањето. Кај моноподијалното разгранување на растенијата стеблото е видливо сѐ до неговиот врв, а круната е пирамидална, при што најдолните гранки се најдолги, а нагоре се сѐ покуси. Во зависност од аголот под кој гранките се отклонуваат од стеблото, се разликуваат:

- Тесно-пирамидална (вретеновидна) круна, при што гранките се отклонуваат под агол помал од 25 степени.

- Пирамидална круна, при што гранките се отклонуваат под агол од 25-45 степени

- Широко-пирамидална (конусовидна) круна, при што гранките се оттргнуваат под агол од 45-70 степени

Кај симподијалното разгранување на растенијата, врвот на стеблото се губи во круната. На тој начин се формираат различни форми на круната:

- Топчеста форма на круна, при што гранките се развиваат подеднакво како во висина, така и хоризонтално;

- Јајцевидна форма на круната, при што гранките во средниот дел се најдолги, а нагоре и надолу се пократки;

- Столбовидна форма, при што гранките се оттргнуваат под остар агол;

- Чадореста форма кај која гранките во најгорниот дел се најдолги и хоризонтални, а надолу се покуси;

- Жална форма на круната кај која гранките од трет ред се тенки, долги и висат надолу;

- Неправилна круна, при што круната не се развива симетрично, односно на некои страни има подолги или покуси гранки.




*Форми на круните (1.Заоблена,јајцеста 2.Широка 3.Цилиндрична, столбовидна 4. Насочена нагоре 5.Жална 6. Пирамидална 7.Тркалезна)*

Иако формата на секое дрво е уникатна, постои генерална класификација на формите на круните на дрвенестите растенија (дрвја и грмушки), при нивна средна возраст и развиток во нормални услови. Според неа, формите на круните може да се класифицираат како:

- неправилни (*Morus alba*- Црница);
- пирамидални - конусовидни (*Picea pungens*- Смрча) ,
  - вретеновидни (*Cupressus sempervirens*- Чемпрес),
  - столбовидни(цилиндрични) (*Populus pyramidalis*- Топола)
- овални - елипсовидни (*Aesculus hyppocastanum*- Див костен);
  - јајцевидни (*Quercus petraea*- Даб, Горун),
  - чадоresти (*Pinus pinea*- Бор),
  - топчести (*Sorbus aria*- Мукиња);
- жални (*Betula pendula*- Бреза);
- ползечки (*Hedera helix*- Бршлен);
- полегнати (*Juniperus sabina*- Смрдлика);

Повеќето видови дрвја имаат ботанички сорти, форми и хибриди, кои се одликуваат со поинакви форми на круната. Кај нив, покрај името на видот, е додаден и назив, кој се однесува на формата на круната:

- pyramidalis ( пирамидална форма),
- columnaris ( слобовидна форма),
- ovalis ( јајцевидна форма),
- globosa ( топчеста форма),
- umbraculifera ( чадореста форма),
- pendula ( жална форма).

Од дрвенестите растенија, грмушките се особено ценети во обликувањето на живи огради, алпинетуми и партерно зеленило околу водни површини и други објекти, заради можноста за поткастрување и создавање на топијарни облици. Топијарните форми на круните, кои се добиваат со поткастрување, може да се употребат со цел да се постигне некој ефект, односно да се привлече внимание во дизајнот.

Со цел добро да ги запознае формите, дизајнерот мора да посвети време за проучување на нивните природни форми, со посети во паркови, арборетуми и средини каде што има возрасни дрвја.

## Силуета и текстура

Силуета претставува контура што ја оцртува дрвото или масивот врз осветлен фон. Таа е особено важна при креирање на пејзажните композиции. Силуетата може да се потенцира со вештачко осветлување, кое често се користи за создавање на ноќни силуети врз ѕидови или водни површини.

Текстурата е поврзана со грубоста или финоста на листот, кората или другите компоненти кои треба да се употребат во пејзажниот план.

Текстурата може да биде:

- фина,
- груба,
- средна.

Фината структура кај растенијата се одликува со мали листови, нежни гранчиња, мазна кора.

Растенијата кои имаат груба структура имаат големи листови, кои најчесто се длабоко засечени со дебели, груби гранки.

Средна текстура е текстурата која се наоѓа меѓу грубата и фината.

Растенијата со фина структура треба да се користат почесто во пејзажниот дизајн, во поголем број и се поставуваат во преден план, за да може набљудувачот одблизу да ја забележи фината текстура и да ужива во неа.

Растенијата со груба структура се поставуваат во позадина, во помал број. Како преод меѓу нив, најчесто се поставуваат растенија со средна текстура.

## Колорит

Колоритот, однсоно бојата е  елемент кој прв го привлекува вниманието во композицијата. Хармонијата на боите се постигнува преку бојата на лисната маса, цветот, плодот, но и преку боите на елементите од неживата природа.

Најпожелни во дизајнот се композициите од усогласени контрастни бои. Тие создаваат најсилен, пријатен впечаток, а на палетата на бои се поставени една спроти друга ( на пр: црвена и зелена, портокалова и сина, жолта и виолетова).

Непожелно е да се комбинираат две соседни бои ( на пр: црвена и портокалова, портокалова и жолта, жолта и зелена, зелена и сина, сина и виолетова, виолетова и црвена) една покрај друга, ако помеѓу нив не се постави неутрална боја (бела или црна).

Основен тон во дизајнот е зелената боја со сите нејзини нијанси, од кои, најсилен впечаток остава темнозелената, па светлозелената и на крај жолтозелената боја.

Според основната, зелена боја, дрвенестите растенија можат да се класифицираат на:

- дрвја со светлозелена боја на листовите (*Betula pendula*- Бреза, *Catalpa bignonioides*- Каталпа, *Acer negundo*-Јавор и др.);
- дрвја со зелена боја на листовите (*Robinia pseudoacacia*- Багрем, *Carpinus betulus*- Габер, *Cryptomeria japonica*- Криптомерија и др.);
- дрвја со темнозелена боја на листовите (*Fagus sylvatica*- Бука, *Taxus baccata*- Тиса, *Buxus sempervirens*- Шимшир и др.);
- дрвја со сиво-зелена или сребрено-бела боја на листовите (*Salix alba*- Врба, *Populus alba*- Топола идр.);
- дрвја со сино-зелена боја на листовите (*Cupressus arizonica*- Чемпрес, *Cedrus atlantica*- Кедар, *Chamaecyparis lazwsoniana*- Хамеципарис и др.).

Есенската боја на листовите, при проектирањето на зелени површини, е особено значајна за постигнување на декоративен ефект. Во однос на есенската боја на листовите, дрвенестите видови растенија може да се класифицираат на :

- видови со еднобојни есенски листови (*Betula pendula*- Бреза, *Ginkgo biloba*- Гинко и др.);
- видови со повеќебојни есенски листови (*Berberis vulgaris*- Жолтика, *Cornus mas*- Дрен и др.).

Испуканоста и бојата на кората кај дрвенестите растенија претставува важен декоративен квалитет при проектирањето на зелени површини. На пр: снежно-белата кора на брезата, која создава контраст со темната боја на иглолисните видови растенија, може да претставува привлечен детаљ во композицијата.

Трнливите растенија се погодни за непробивни живи огради, но на места каде што има големо движење на луѓе, особено деца, се неповолни.

Ако сакаме на пејзажот да му дадеме длабочина, во средината ќе насадиме дрвја со темнозелена боја, а лево и десно, на поблиско растојание од набљудувачот, ќе насадиме дрвја со светлозелена боја. Темните бои не се пожелни во пејзажи наменети за уживање на целото семејство.

При креирање на зелените површини, тие треба да имаат јасна концепција, одредена содржина и смисол, за да делуваат живо, пријатно и привлечно.

Зелените површини создадени без смисол, делуваат безживотни, заморно, здодевно и одбивно. Создаваат непријатни емоции и негативна реакција, што ја чувствува и неупатениот посетител.

### Едноставност и повторување

Едноставноста произведува елеганција.

Едноставноста е најпожелна карактеристика која лесно се постигнува во пејзажниот дизајн. За секој набљудувач многу попријатно е кога гледа во некомплициран, незаморувачки и збунувачки дизајн.

Најважен фактор во создавањето на едноставност при дизајнирањето е повторувањето. Сепак, многу е важно да не се претера со употребата на исти материјали, бидејќи тоа може да предизвика монотонија.



*Едноставност и повторување*

Затоа пожелно е да се повторува една карактеристика на растенијата (на пр: текстура, боја или форма), но видот или вариететот на растенијата да биде различен.

## Разноликост (разновидност)

Разноликоста е карактеристика која се применува кај формите, боите и текстурите на растенијата. Таа ја разбива монотонијата и ја спречува здодевноста.

Многу е важно да постои баланс меѓу повторувањето и разноликоста, бидејќи премногу разноликост предизвикува конфузија.

## Акцентирање ( нагласување, истакнување)

Акцентот е средство за привлекување внимание. На пр: во резиденцијалниот дизајн, односно дизајнот на станбени куќи, пожелно е да се привлече внимание на предната врата од куќата. Затоа влезот се истакнува со употреба на растенија со интересни карактеристики, кои го привлекуваат вниманието.



*Акцентирање*

## Баланс

При креирање на зелени површини, мошне важен елемент претставува балансот.

Тој може да биде:

- симетричен,
- асиметричен.

Симетричниот баланс се карактеризира со исти елементи на секоја страна од замислената оска.



*Симетричен баланс*

Асиметричниот баланс се карактеризира со нееднакви елементи, но со иста визуелна тежина на секоја страна од замислената оска.

На пр: симетричен баланс се постигнува со поставување на исти растенија од двете страни на влезот од куќата, или завршетокот на куќата, со цел едната страна да формира слика на огледало на другата страна.

Кај асиметричниот баланс, растенијата се поставени неправилно од двете страни на замислената оска, но притоа тежината од двете страни е избалансирана. Бојата и текстурата влијаат на балансирањето, така што грубите текстури се визуелно потешки, а светло обоените површини имааат помала визуелна тежина.

**Линија**

Ако дизајнот е во формален стил, со симетричен баланс, се користат прави линии, квадратни или геометриски форми.

Неформалниот, природниот дизајн користи криви линии(на патеките или групите од растенија). Природните линии се сметаат за благи и нежни и даваат релаксирачко, природно чувство.

**Ритам ( секвенца, тек)**

Ритамот најчесто се применува во озеленување на улици, булевари и кејови. Тој може да биде:

- прост,

- сложен.

Најчесто е застапен простиот ритам, при што по должината на целата улица рамномерно се распоредени садници од ист вид и една морфолошка одлика.

Кај сложениот ритам, различни компоненти наизменично се менуваат по одреден редослед (пирамидална, овална, жална крошна, пирамидална...).

Ритамот треба да ја спречи монотонијата во дизајнот. Притоа може да се користат и елементи од нежива природа (парковски мебел, клупа или скултура).

**Размер**

Дизајнерите во процесот на дизајнирање се должни своите идеи да ги прикажат на хартија, се разбира, со намалени димензии.

Размерот може да биде различен, но во пејзажниот дизајн најкористен е апсолутниот размер 1:100 (при што 1cm. на хартија, претставува 100 cm. на терен).

Покрај апсолутниот постои и релативен размер, кој претставува чувство за големина на еден објект во однос на друг, без да се врши мерење.

***клучни поими:***

форма на растенијата, текстура,

силуета, колорит, едноставност, разновидност,

симетричен и асиметричен баланс,

прост и сложен ритам,

апсолутен и релативен размер.

***Потсети се на стекнатите знаења ( од дендрологија) за формата и бојата на круна на изучените дрвенести видови на растенија!***

***Одбери десет дрвенести растителни видови и запиши ја во табела нивната форма, текстура и боја на круна!***

***Внимателно набљудувај ги морфолошките карактеристики на растенијата, при секоја прошетка во природата!***

## Создавање на фокусни точки

Фокусна точка претставува елемент во пејзажот кој е поставен за да привлекува внимание. Неговиот тип и позиција се многу важни.

Најчесто фокусните точки се наогаат зад аглите, на кривините на патчињата, на крајот на патеките.

Според потеклото, фокусните точки може да бидат од :

- нежива природа,
- жива природа.

Најчести фокусни точки од нежива природа се : базен, скулптури, парковски мебел и сл.



*Фокусна точка од нежива природа*

Фокусна точка од жива природа може да биде:

- акцентирано растение,
- растителен масив,
- група од растенија.

Ако, при пејзажното дизајнирање, како фокусна точка се користи акцентирано растение (на пр: стебло од бреза или црвен јавор), тоа треба да биде поставено покрај група на иглолисни видови растенија или на простран тревник (при што треба да биде за 2-3 свои висини оддалечено од околните дрвја).



*Фокусна точка од жива природа*

Ако, како фокусна точка во пејзажниот дизајн, се користи масив, односно маса од растенија, без оглед на тоа дали се работи за монокултура или поликултура, тие треба да бидат со голема компактност, при која не доаѓаат до израз индувидуалните карактеристики на растенијата.

При користење на група од растенија, најчесто 3, 5, 7 или 9 , треба да се внимава тие да бидат складни, декоративни и распоредени неправилно, но секогаш да се избегнува распоред како рамностран триаголник.

Фокусна точка може да се создаде, ако на двете страни од вратата се поставaат високо исправени растенија кои се во контраст со обичните, заоблени, грмушести, растителни видови.

Ненадејна промена на хоризонталната со заоблена форма, промена на текстурата или бојата, е доволна за да стави акцент и да го задржи погледот на набљудувачот, без тој да знае зошто.

***клучни поими:***

принципи во пејзажниот дизајн;

морфолошки карактеристики;

фокусни точки од жива природа;

фокусни точки од нежива природа.

## Зонирање и циркулација

После добиените информации за теренот, тие се анализираат и се пристапува кон поделба на просторот на корисни површини. Најчесто просторот околу куќата се дели на три дела:

- јавен дел,
- приватен дел,
- сервисен (услужен) дел.

Јавниот дел од куќата е достапен и отворен кон јавноста, за разлика од приватниот дел, кој е затворен за јавноста. Приватниот дел е наменет, односно го користат членовите на семејството и пријателите за одмор и рекреација. Сервисниот дел од куќата се нарекува уште и услужен дел. Овој дел е најдобро да биде одделен. Тој содржи: градина, куќичка за куче, место за кантите за отпад и сл.

Поделбата на просторот околу куќата на наведените корисни површини, односно зони, нѐ претставува правило. Според желбите и потребите на семејството, дизајнерот може да врши отстапки и усогласувања.

### Формирање на зоните

Корисните површини (зони), најлесно се формираат со т.н. ,,кружни дијаграми”. Кружните дијаграми претставуваат груби кругови со приближна големина и форма, потребни за секој дел од просторот околу куќата ( јавен, приватен и сервисен).




*Кружни дијаграми ( 1.Јавен дел 2.Куќа 3.Приватен дел 4.Сервисен дел)*

Со кружните дијаграми се тестира различната поставеност на зоните, а она решение кое најдобро ќе го организира просторот и ќе изгледа најоптимално, се избира како конечно.

**Зони за циркулација**

При дефинирање на зоните за циркулација се појавуваат два типа на патеки:

- за пешаци и
- за моторни возила.

Патеките, односно зоните за циркулација, се дефинираат паралелно со зонирањето на површините.

Патеките за возила треба да се прилагодат на големината и радиусот на свртување на различни типови возила.

Пешачките патеки треба да бидат со соодветна широчина, а основни се оние патеки кои овозможуваат по нив  да се движат или разминуваат двајца луѓе во исто време. Тие треба да бидат од тврда подлога која лесно се чисти.

Патеките кои се користат поретко и по кои минуваат помалку луѓе, треба да бидат со помала широчина и помалку воочливи во пејзажот. Кривулестите патеки добро изгледаат на хартија, но не им користат многу на луѓето,  бидејќи тие не сакаат да се движат по нив.

## Просторот како надворешна соба

Пејзажниот дизајнер може да размислува за просторот како ,,надворешна соба” и да ги планира ѕидовите, подот, таванот и со тоа да си го олесни процесот на дизајнирање.

Надворешниот пејзаж може да се претстави како група од простори или ,,соби”,  опкружени со ,,ѕидови”,  кои функционираат како внатрешност од куќа.

Ѕидовите во пејзажот се подигнуваат заради :

- покривање на непожелните видици;
- заштита од прав, бучава или ветер;
- заградување и преградување;

- врамување на погледот од имотот и сл.

Таванот (небото) се озеленува заради заштита од: дожд, снег, прав или сонце.

Подот, односно земјишните покривачи, најчесто се состојат од ливадска трева, мулч од кора од дрво или неживи земјишни покривачи. Земјата под растенијата се остава гола, непокриена. Тоа остава можност за садење на некои сезонски цвеќиња, кои во пејзажната архитектура се користат ретко, бидејќи создаваат конфузија и го нарушуваат посакуваниот ефект во пејзажниот дизајн.

Некои пејзажни дизајнери нудат и поставување на иригационен систем.

За таа цел потребно е да се изврши:

- анализа и мерење на теренот;

-планирање на местополжбата на распрскувачите;

( Има два типа на распрснувачи:

- спреј, кои прскаат од фиксиран отвор и не се помрднуваат за време на работата
- ротирачки, кои ротираат додека прскаат );

- планирање на вкупниот волумен вода кој е потребен за иригациониот систем;

- вметнување на водоводните цевки во системот;

Садењето на растенијата во просторот може да биде аранжирано во:

- прави линии;
- триаголни или квадратни групи;
- заоблени, свиткани линии.

Избирањето на линии во пејзажниот дизајн може да се врши со издолжување на сите линии од планот на куќата, (прозорците, вратите, крајот од ѕидот) продолжени кон имотот и парцелата и додавање на паралелни линии. На тој начин се добива мрежа на линии и шаблон за распоред на растенијата со цел што подобро да се вклопат во просторот околу куќата.

Помеѓу растенијата од ист вид, растојанието може да биде намалено за да и овозможи на групата растенија, побрзо да добие возрасен изглед.

***клучни поими:***

јавен, приватен и сервисен дел;

зони за циркулација;

просторот како надворешна соба.

***Нацртај скица на куќа со дворна површина!***

***Со кружни дијаграми скицирај две решенија, со различна поставеност на корисните површини (јавен, приватен и сервисен дел) и зоните за циркулација!***

***Одбери го решението, кое најдобро ќе го организира просторот, а потоа одреди ги распоредот и формата на растителноста!***

## Архитектурни елементи

Според намената, архитектурните елементи се класифицирани во десет групи:

1. Архитектурни елементи со декоративна намена;
2. Архитектурни елементи со идејно-политичка содржина;
3. Архитектурни елементи поврзани со пешачко движење;
4. Архитектурни елементи за неопходни животни потреби;
5. Архитектурни елементи на моделиран терен;
6. Архитектурни елементи за пасивен одмор;
7. Архитектурни елементи за активен одмор;
8. Архитектурни елементи со културно-просветна намена;
9. Архитектурни елементи за разонода;
10. Хидротехнички објекти.

**Архитектурни елементи со декоративна намена**

Постојат повеќе елементи кои се користат за декорација на зелените површини. Во оваа група на архитектурни елементи спаѓаат:

- декоративни базени (во нив се одгледуваат хигрофилни растителни видови);
- водни огледала (исполнети се со чиста, мирна вода и најчесто се осветлени, а служат во нив да се отсликуваат блиските растителни видови или објекти);
- фонтани (може да бидат поставени на почетокот на патеката и тогаш тие треба да имаат мали млазеви за да може да се гледа позадината, а ако се поставени на крајот од патеката млазевите можат да бидат поголеми, односно повисоки);



*Фонтани*

- порти (служат како патоказ за насочување на движењето);



*Порти*

- декоративни огради (можат да бидат изработени од различни материјали, најчесто ковано железо, дрво, камен и др.);



*Огради*

- куќички за птици ( наменети се за птиците и се поставуваат на повисоки места);



*Куќичка за птици*

- декоративни ѕидови (се користат за да одвојат некое катче, а ако се формирани од жива ограда се викаат зелени кабинети или боскети);
- декоративни вазни (се поставуваат во тревници и во нив најчесто се садат цвеќиња според претходно осмислен цртеж);



*Вазни*

- скулптури ( најчесто се со светли бои и се поставуваат во тревници).

**Архитектурни елементи со идејно-политичка содржина**

Како архитектурни елементи со идејно-политичка содржина, во пејзажниот дизајн најчесто се користат:

- бисти ( претставуваат делови од човечка фигура поставена на округол или квадратен столб);



*Биста*

- могили (се споменици на паднати борци со локално обележје, како Могилата на непобедените во Прилеп);



*Могила*

- обелиск ( претставува  висок споменик во облик на столб со зашилен врв. Еден таков се наоѓа во  Париз, а него го донел Наполеон Бонапарта од Египет).



*Обелиск*

**Архитектурни елементи поврзани со пешачко движење**

Во оваа група на архитектурни елементи се вклучени:

- алеи (претставуваат патеки кои се наменети за пешаци и велосипедисти);
- плочници (се изработуваат од камен или мермер во боја, со фуги од тревни растенија, со цел да ја истакнат убавината на некој објект).

**Архитектурни елементи за неопходни животни потреби**

Архитектурни елементи за неопходни животни потреби се :

- тоалети;
- декоративни чешми ( можат да бидат ѕидни или слободно-стоечки);
- декоративни корпи за отпадоци (се поставуваат блиску до патеката за да можат лесно да се празнат).

**Архитектурни елементи на моделиран терен**

Во пејзажната архитектура на моделиран терен се користат следните елементи:

- скали ( се користат за совладување на терени со голем нагиб);
- скалинети ( се користат за совладување на терени со мал нагиб, а имаат мала височина и широка нагазна површина);
- тераси ( површини на кои најчесто се поставуваат видиковци и кои меѓусебе се поврзани со тераси. Имаат повеќе намени, а можат да служат и за музицирање).




*Скали и скалинети*

**Архитектурни елементи за пасивен одмор**

Најчесто користени архитектурни елементи за пасивен одмор се:

- парковски мебел (го сочинуваат столици, маси, клупи, фотељи кои треба да бидат во склад со околината, стабилни и вкопани во земја и добро зацврстени. При поставувањето на парковскиот мебел треба да се внимава тој да не им пречи на минувачите. Од него треба да се пружа убав видик, а ако е поставен пред споменик треба да биде свртен со предниот дел кон него. Со парковскиот мебел не треба да се претерува. Тој треба да биде унифициран и изработен од природни материјали).




*Парковски мебел*

- видиковец ( се нарекува и белведере, а претставува зарамнет терен, односно тераса со убав видик).
- бесетка (најчесто има шестоаголна форма и покрив од ќерамиди или лим. Може да биде отворена од неколку страни или затворена со врата. Нејзината функција е да штити од дожд, снег или ветер).



*Бесетка*

- пергола (најчесто е потпрена на ѕид и има  конструкција од греди кои во горниот дел се решеткасто поставени и даваат шарена сенка.



*Пергола*

- настрешница (елемент сличен како перголата, но покривот овде е непропустлив).



*Настрешница*

**Архитектурни елементи за активен одмор**

Како архитектурни елементи за активен одмор во пејзажниот дизајн се сметаат спортските објекти, кои треба да бидат одвоени од другите зони (сектори) во паркот со растителност. Во нивна близина треба да има и објекти за чување на спортски реквизити, како и соблекувални или други пропратни елементи.

Во оваа група се вклучени:

- фудбалските и тениските игралишта ( овие спортски објекти се нај неекономични заради нивната големина);
- базени за пливање (можат да бидат летни и зимски);
- клацкалки ( наменети се за децата);
- песочници (можат да имаат различен облик, а се исполнети со ситен светло жолт песок, измешан со глина. Нивните ѕидови треба да бидат обложени, за да се спречат повреди).

**Архитектурни елементи со културно - просветна намена**

Како архитектурни елементи со културно-просветна намена, најчесто се користат:

- павилјони за читање или
- покриени амфитеатри за предавања, односно музуцирање (кои најчесто имаат полукружен облик, бина и седишта).

**Архитектурни елементи за разонода** се:

- летни кина,
- театри,
- кафе-ресторани,
- дискотеки.

**Хидротехнички објекти**

Во групата на хидротехнички објекти од значење за пејзажната архитектура се вклучени:

- реки,

- водени каскади ( најчесто имаат камени препреки),
- водопади (се поставуваат на стрмен терен).

Хидротехничките објекти треба да имаат доволно вода, а нивна цел е да ја имитираат природата.

***Прашања за тематско повторување***

*Како се поделени обврските во процесот на проектирање на зелени површини?*

*Кои се обврските на проектантската организација?*

*Што треба да содржи идејниот проект?*

*Од кои елементи се состои главниот проект?*

*Кои се основните принципи во пејзажниот дизајн?*

*Како се класифицирани архитектурните елементи?*

# ПОТТЕМА: ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Во темата „Проектирање на јавни зелени површини” се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

- Функции на зелените површини;
- Класификација на зелените површини;
- Градско и вонградско зеленило;
- Проектирање на зелени површини за јавно користење;
- Озеленување на улици.



# ПОТТЕМА: ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

## Функции на зелените површини

Пред да се започне со изработка на проект, треба да се знае намената на зелената површина, односно нејзината доминантна функција која целосно треба да ја исполнува, бидејќи сите функции на зеленилото дејствуваат истовремено, но при проектирањето предност се дава на една или две функции.

Функциите на зелените површини може да се класифицираат во неколку категории:

- Санитарно-здравствена функција;
- Декоративно-естетска функција;
- Заштитна функција,
- Рекреативна функција,
- Културно-просветна функција;
- Идејно-политичка функција;

Санитарно - здравствената функција се однесува на збогатување на воздухот со кислород, зголемување на воздушната влажност, регулирање на температурните екстреми, намалување на загаденоста и бучавата, како и бактерицидното дејство на зелените површини.

Без разлика на желбите и потребите на човекот растителноста ги обавува сите овие функции, но до која мера ќе ги задоволи критериумите за поквалитетен живот зависи од бројот, распоредот и квалитетот на растителниот материјал.

Декоративно-естетската функција се согледува во уметничкото оформување на зелената површина, односно спојот на растителните, водни и архитектурни елементи и скулптури во композиција, која ќе претставува слика за уметничко доживување. Вредноста на таа слика е поголема ако поумешно се користени бојата, формата, обемот на елементите, во согласност со естетските принципи:

-статичност-динамичност (растенијата и водата се динамични, а архитектурните елементи се статични);

- симетрија-асиметрија;

- светло-сенка;

- едноличност-контраст;



*Зелени површини со декоративно естетска функција*

Заштитната функција се однесува на заштитата од ветар, снег, ерозија, прав, бучава и други загадувања. Стеблата, гранките и листовите на растенијата го ублажуваат дејството на студените и жешки ветрови, спречуваат таложење на наноси во водните базени, апсорбираат гасови, а цврстите честички ги задржуваат во круните. Затоа, се препорачува, зелени површини да се подигаат меѓу индустриската и станбената зона.

Рекреативната функција на зелените површини е особено важна, бидејќи зелените површини ја враќаат психофизичката сила потрошена на работа, го подобруваат здравјето на луѓето, позитивно делуваат на крвниот притисок, дијабетесот, несоницата, меланхолијата, отстрануваат напнатост, психози, го подобруваат расположението.

Културно-просветната функција ја вршат поголемите паркови кои се наоѓаат, најчесто, надвор од градот и служат како летни кина, отворени театри, места за одржување на забави, за музицирање, читање и др.

Идејно-политичката функција се однесува на зелените површини кои се подигааат во близина на споменици со цел да се искаже почит за делата на борците за слобода, незнајните јунаци, заслужни граѓани, политичари и сл. Овие површини поттикнуваат патриотски чувства.

***клучни поими:***

санитарно-здравствена функција;

декоративно-естетска функција;

заштитна функција;

рекреативна функција;

културно-просветна функција;

идејно-политичка функција;

## Класификација на зелените површини

Класификацијата на зелените површини не е унифицирана. Различни автори различно ги групираат зелените површини.

Античките народи разликувале:

- декоративни зелени површини ( опфаќале паркови и градини);
- производствени површини ( опфаќале зеленчукови и овошни градини).

Во однос на одморањето, зелените површини се поделени на :

- површини за активен одмор;
- површини за пасивен одмор;
- површини за активен и пасивен одмор.

Кај нас и во соседните земји, во однос на намената, зелените површини се делат на:

- зелени површини за јавно користење;
- зелени површини со ограничено користење;
- зелени површини со специјална намена.

Зелените површини за јавно користење ги опфаќаат сите паркови и градини кои постојано им се достапни на сите жители во населеното место. Во оваа група од зелени површини се вклучени:

-градските паркови,

-скверови,

-зеленило на улици, булевари, кејови и др.

Зелени површини со ограничено користење се оние површини кои ги користи само дел од населението. Ограничувањето се врши со времетраење на посетата и цената на влезниците.



*Ботаничка градина*

Овие зелени површини опфакаат:

-ботанички градини;

-зоолошки градини;

- меморијални, историски паркови;

-зеленило на станбени комплекси, детски градинки, училишни дворови и сл.

Зелени површини со специјална намена се оние површини кои исполнуваат заштитна функција. Овие површини опфакаат:

-ветрозаштитни појаси,

-противпожарни појаси,

-мелиоративни појаси,

-водозаштитни, снегозаштитни појаси и сл.

## Градско и вонградско зеленило

Поради спецификите при уредувањето на зелени површини во градот и надвор од него, зелените површини се делат на:

- градско зеленило,
- вонградско зеленило.

Градското зеленило се наоѓа во градот, а вонградското зеленило се наоѓа надвор од градот и служи за еднодневен, неделен или годишен одмор на населението. Вонградското зеленило опфаќа:

-парк-шуми,

-плажи и бањи,

-крајпатни насади,

-природни паркови и сл.

***клучни поими:***

зелени површини за јавно користење;

зелени површини со ограничено користење;

зелени површини со специјална намена;

градско зеленило;

вонградско зеленило.

## Проектирање на зелени површини за јавно користење

### Паркови во градот

Парковите претставуваат многу значајни зелени површини во големите градови. Од групата на зелени површини за јавно користење во градот, најважни се:

-централните градски паркови и

-реонските паркови.

 

*Паркови во градот*

Функциите на централните градски паркови и на реонските паркови се еднакви. Тие се разликуваат само во однос на нивната големина и содржина. Реонските паркови во однос на големината се помали, а кај нив е помал и бројот на спортски терени, површини за одмор, водни терени, површини за игри за деца и сл. Површината на која ќе се подига паркот е предвидена и во генералниот план на градот.

Подигањето на парк, всушност, претставува садење на растителност на природно-плодна земја, бидејќи насипувањето на нова земја е доста скапо.

Големината на паркот се планира според бројот на посетители. Таа треба да изнесува околу 60-80 m2 на посетител, пресметано во време на максимален број посетители во летен празничен ден.

При проектирање на паркот, потребно е да се усогласат елементите на релјефот, водата и вегетацијата. Постојната вегетација и вода се драгоцен композициски елемент во паркот. Тие треба да се искористат со цел да се создадат живописни пејзажи. Една од првите етапи при проектирање на паркот е поделба на територијата на функционални зони. Паркот треба да содржи зони за активен одмор и зони за пасивен одмор.

Целата територија од паркот најчесто се дели на четири функционални зони и тоа:

- зона за одмор во тишина и шетање;
- зона за активен одмор;
- зона на влез во паркот;
- стопанска зона.

Зоната за одмор во тишина и шетање ја сочинуваат патеки, полјани и дрвни насади. Таа треба да зафаќа околу 55-60% од површината на паркот.

Зоната за активен одмор треба да содржи елементи за спортување, детски игралишта и сл. Оваа зона треба да зафака околу 25-30% од површината на паркот.

Зоната на влез во паркот е мошне важен елемент, на кој, при проектирањето, треба да се обрне особено внимание. Сите елементи и детали во оваа зона (фонтани, светилки, цветни оформувања, декоративни форми на дрвја и грмушки и сл.) треба да бидат совршено изработени и да оставаат силен впечаток.

Стопанската зона во паркот ја сочинуваат: расадници, сектори за одржување на паркот и сл. Оваа зона најчесто опфака околу 2-3 % од површината на паркот.

За секоја зона се оформува посебно композициско решение.

***клучни поими:***

централни градски паркови;

реонски паркови;

зона за одмор во тишина и шетање;

зона за активен одмор;

зона на влез во паркот;

стопанска зона.

**Забавни паркови**

Забавните паркови се омилени места за масовна посета, особено од страна на помладата популација. Освен за посета, овие паркови се наменети и за активен одмор.

При проектирање на забавни паркови, особено внимание треба да се обрне на големината на просторот. Треба да има доволно простор за сите атрактивни елементи за забава на младите, како на пр. вртелешки на платформи, балерини, висечки железници, вертикални тркала и др. Притоа е потребно да

се изврши и визуелна неутрализација на забавните елементи во природното опкружување и да се намали негативното влијание од бучавата.



*Забавен парк (Дизниленд)*

Освен електромеханичките направи за забава, во забавните паркови треба да се проектираат и ритчиња за зимска забава и разонода, како на пр. лизгање со санки. Од елементите за забава поврзани со водата, може да се планира минување со чамци покрај пештери, водопади, брзаци и сл.

Целата површина во забавните паркови, при нивното проектирање, може да се организира на два начини:

- Комплексно поставување на елементите за забава, односно на една територија;
- Разбиено поставување на елементите за забава, односно на повеке места.

При комплексно организирање на елементите за забава, потребен е помал простор, но можностите за вклучување на природните елементи се ограничени. При разбиено поставување на елементите за забава, потребна е поголема површина, но овој начин овозможува вклучување на зелени насади и поквалитетен одмор на посетителите.

Ако површината предвидена за забавни паркови е поголема, се организираат т.н. игрови гратчиња, како на пр. Дизниленд.

***клучни поими:***

елементи на забавните паркови;

организација на површината во забавните паркови.

## Паркови наменети за прошетки

Најважната задача на парковите наменети за прошетки е тие да им служат на посетителите за прошетка и одмор во тишина. Овие паркови се градат во големите градови и зафаќаат голема површина.

При проектирањето на парковите наменети за прошетки треба да се планираат пространи полјани со парковски мебел (по рабовите на паркот) и пространи тревни површини за разонода (во средината на паркот).

Парковите наменети за прошетка имаат малку патеки, бидејќи по тревниците нивните посетители може слободно да се движат. Овие паркови може да се користат и за еднодневен одмор.

***клучни поими:***

елементи на парковите наменети за прошетки;

улога на парковите наменети за прошетки.

## Детски паркови

Јавните зелени површини, кои се наменети за играње на децата од предучилишна и училишна возраст се викаат детски паркови. Овие паркови може да се формираат на слободни површини во градот или пак да се организираат во склоп на градските паркови, но издвоени во посебна зона.



*Детски паркови*

Просторот за играње во детските паркови го формираат неколку елементи и тоа:

-релјефот,

-водата,

-песокот и

-растителноста.

За да добие својство на елемент за играње, природниот релјеф треба да биде обработен, односно треба да се одликува со мали возвишенија и разиграност. За таа цел наклонот на природниот релјеф треба да биде ублажен, а депресиите да бидат пополнети. Таквиот релјеф овозможува да се изградат елементи за качување нагоре и спуштање надолу. Теренот треба да биде обраснат со трева и грмушки.

Водата во детските паркови може да се користи во вид на малечки базени, езерца, фонтани, кои треба да бидат поставени на повеќе места. Водата треба да биде хигиенски исправна и проточна. Базените може да бидат наменети за :
-играње со играчки (кои ги управуваат децата со помош на електронски апарати ) или

-за капење ( кои треба да содржат островчиња или реквизити за играње, а на брегот да има елементи од кои децата со лизгање ќе се спуштаат во водата)

Песокот е наједноставниот елемент за играње на децата од предучилишна возраст. Песочниците во детските паркови треба да бидат различно ориентирани, на пример еден да биде поставен пред дрвото, а другиот од неговата спротивна страна или еден пред, а друг песочник да биде поставен поставен позади ритчето.

Растителноста во детските паркови, освен естетска, има и образовно-воспитна вредност. Таа ги подобрува микроклиматските услови и служи како визуелна препрека од градското опкружување.

***клучни поими:***

организација на детските паркови;

елементи на просторот во детските паркови.

**Скверови**

Скверовите претставуваат зелени површини за јавно користење кои имаат мала површина.

Прв пат се формирани во Лондон кога тој започнал плански да се шири. Тогаш на пресеците од улиците биле оставени квадратни површини за краткотраен одмор. Изградбата на скверови многу брзо се проширила во Европа. Во 20 век започнало формирање на скверови со различни форми: правоаголни, триаголни, округли, неправилни. И скверовите, како зелени површини за јавно користење, се предвидени во генералниот урбанистички план. Денес постојат повеќе типови на скверови, во зависност од нивната намена и положба:

- скверови на улици;
- скверови пред јавни административни згради;
- скверови на плоштади;
- скверови на архитектурни и меморијални споменици;
- скверови во станбени реони и блокови.

Скверовите на улици главно се планираат во близина на градски автобуски станици. Тие се формираат со клупи за седење, перенски цвеќиња, грмушки, а по периферијата на скверовите се поставуваат дрвни видови.

Скверовите пред јавни административни згради ( судови, библиотеки, театри и др.) се оформени со цел да ја истакнат убавината на градбата. Тие се формираат со тревници, цветни леи, ниски грмушки, водни површини, декоративни ѕидови и дрвни видови кои не смеат да го закриваат изгледот на градбата. Скверовите на плоштадите имаат декоративна функција, а во вечерните часови служат и за краткотраен одмор. Се формираат со тревни парцели и грмушки во нив, водни површини, споменици, киосци, а високи дрвја има помалку.

Скверовите во станбени реони и блокови се наменети за активен и пасивен одмор на жителите во реонот, односно блокот. Во зависност од густината на населението можат да се класифицираат како:

-скверови со јавен карактер (во станбени населби со високи згради и густа населеност);

-скверови со ограничено користење т.н. блоковски градини ( во станбени комплекси со ниски згради и мала густина на населението);

Скверовите во станбените реони и блокови се уредени со шеталишта, киосци, плоштадки за играње на деца и сл.

***клучни поими:***

скверови на улици;   скверови пред јавни административни згради;

скверови на плоштади;  скверови на архитектурни и меморијални споменици;

скверови во станбени реони и блокови;  блоковски градини.

## Озеленување на улици

### Улично зеленило

Просторот за озеленување на улиците е предвиден во генералниот урбанистички план, паралелно со сообраќајните ленти. Ова зеленило припаѓа во посебна категорија на градското зеленило. Во неа спаѓаат:

- зеленило на магистрални и градски улици;
- зеленило на булевари;
- зеленило на кејови.

Уличното зеленило врши не само естетска и санитарно-хигиенска, односно здравствена функција, туку тоа врши и функција на ориентација на моторниот сообраќај.



*Улично зеленило*

Озеленувањето на улиците е наменето  за заштита на пешаците кои се движат по тротоарот од директното дејство на правот и издувните гасови од моторните возила.

Уличниот простор се дели на четири функционални зони:

- зона за моторен сообракај (коловоз);
- зона за пешачко движење (тротоар);
- зона пред објектите;
- појас на зеленило.

Сите зони, освен зоната за моторен сообраќај се озеленуваат. Притоа, зеленилото од секоја зона има своја намена, распоред и композиција. Озеленувањето на зоната за пешачко движење (тротоарот) е наменето за заштита на пешаците од директното сончево зрачење и намалување на температурата на воздухот.

Зеленилото во зоната пред објектите ( најчесто станбени зони) е наменето за изолација на објектите од неповолните влијанија на моторниот и пешачкиот сообраќај и за краткотраен одмор на станарите и пешаците. Кога се работи за два коловоза по кои се движат моторни возила во спротивни насоки, односно по еден коловоз се движат возилата во една, а по друг во спротивна насока, се планира зеленило во вид на раздвојна лента, односно појас на зеленило.

***клучни поими:***

улично зеленило;

функции на уличното зеленило;

зонирање на уличниот простор.

**Дрвореди**

Дрворедите се линиски насади од дрвја, односно линиски насади од дрвја и грмушки.

Во зависност од расположливиот простор, дрворедите може да се планираат во повеќе комбинации:

- едноредни дрвореди од едната страна на улицата;
- едноредни дрвореди од двете страни на улицата;

- еднoредни дрвореди од двете страни на улицата со еден ред грмушки под круните на дрјата;
- еднoредни дрвореди од двете страни на улицата и два реда грмушки;
- еднoредни дрвореди и два реда грмушки од едната страна на улицата;
- двoредни дрвореди од двете страни на улицата со по два реда грмушки и сл.



*Дрвореди*

Кој тип на дрворед ќе се избере зависи од:

-ширината на расположливиот простор;

-интензитетот на сообраќајот и потребата за заштита од загадување;

-висината на зградите;

-подземните инсталации ( водоводна, канализациска, електрична, телефонска и др.);

-надземните инсталации ( семафори, сообраќајни знаци, жици за електрична струја и др.);

Дрворедите имаат и еколошка улога - да штитат од бучава и смог. При нивното планирање, потребно е да се обрне внимание, тие да не ги засенуваат прозорците на зградите или да го отежнуваат движењето на моторните возила.

***клучни поими:***

дрворед,

комбинации на дрворед,

фактори за одредување на типот на дрворед.

***Прашања за тематско повторување***

*Како се класифицирани функциите на зелените површини?*

*Како се делат зелените површини во однос на намената?*

*Кои се најважни зелени површини за јавно користење?*

*Што се скверови?*

*Кои зони ги опфаќа уличниот простор?*

*Што се дрвореди и во какви комбинации може да се планираат?*

# ПОТТЕМА: РАСТИТЕЛНОСТА КАКО КОМПОЗИЦИСКИ ЕЛЕМЕНТ

Во темата „Растителноста како композициски елемент" се опфатени содржини со кои учениците ќе стекнат знаења за :

- Растителноста како компонента на пејзажот;
- Дрвја и композиции од дрвја,
- Грмушки;
- Ползечки грмушки (лијани);
- Треви;
- Цвеќиња и композиции од цвеќиња,
- Камена градина (алпинум).



# ПОТТЕМА:  РАСТИТЕЛНОСТА КАКО КОМПОЗИЦИСКИ ЕЛЕМЕНТ

## Растителноста како компонента на пејзажот

Растенијата претставуваат основни елементи на зелените површини.

За полесно формирање на композициски растителни елементи при проектирање на зелените површини, растенијата се поделени во пет групи:

- дрвја,
- грмушки,
- ползавци,
- треви и
- цвеќиња.

## Дрвја и композиции од дрвја

Од сите пет групи на растенија, дрвјата имаат најголемо значење при планирање на растителноста во пејзажот.

Тие имаат различна форма, достигнуваат големи димензиии и создаваат најсилен визуелен ефект. Долговечни се и лесно се одгледуваат, но растат бавно и доаѓаат до полн израз дури по 10-20 години од садењето. Овој недостаток се надминува, така што  при проектирањето на зелени површини, во почетокот дрвјата се садат во поголем број, а подоцна тие се проретчуваат.

Најчести композиции од дрвја кои се користат при проектирање на зелените површини се:

- солитери,
- дрвни групи,
- насади од шумички
- масиви

- алеи
- дрвореди
- живи огради, зелени ѕидови (боскети-карактеристични за геометриски паркови)

**Солитер**

Секое единечно, стоечко стебло, кое е засадено во откриено пространсто со цел да им го привлече вниманието на посетителите, се нарекува солитер.

За солитерот да дојде до израз, околу него треба да има доволно простор. Големината на просторот околу солитерот, најчесто е со радиус кој изнесува, колку висината на солитерот во периодот на полн развој.

За да ја исполни својата цел, односно за да го привлече вниманието на посетителите, солитерот треба да има некоја специфична карактеристика, најчесто форма или боја.




*Солитери*

Специфичната форма се исполнува преку:

-големата висина и дебелина на стеблото, односно крупните димензии;

-жалната форма на круната и висечките гранки;

-пирамидалната форма на круната и др.

Специфичната боја на солитерот се исполнува преку бојата и специфичноста на листовите, цветовите, плодовите и кората.

***Предложи пет дрвенести видови на растенија, кои заради нивните специфични морфолошки карактеристики, оставаат силен визуелен ефект и во пејзажниот дизајн се погодни како солитери!***

**Дрвни групи**

Секоја група на дрвја, која содржи повеќе од три стебла, се смета за композиција од дрвја. Композицијата од дрвја, која е составена од 3-20 стебла, се вика дрвна група. Според бројот на стебла, дрвната група може да биде:

- мала, дрвна група;
- средна, дрвна група;
- голема, дрвна група.

Малите дрвни групи се составени од 3-5 стебла. Тие имаат најголем декоративен ефект, бидејќи со нив може да се формираат различни форми ( конусовидни, цилиндрични и сл.)

Средните групи се составени од 7-11 стебла. Површината која ја зафаќаат средните групи од стебла изнесува колку висината на стеблата во групата.

Големите дрвни групи се составени најчесто од 13-20 стебла.

Според составот, дрвните групи може да бидат:

- чисти, дрвни групи;
- мешани, дрвни групи.

Чистите дрвни групи се составени од еден ист дрвен вид. Во пејзажниот дизајн овие групи најчесто се користат за хоризонтално разграничување на просторот. Мешаните дрвни групи се составени од два или повеќе дрвни видови, кои можат да бидат широколисни, иглолисни или комбинација од широколисни и иглолисни видови дрвја. За да се избегне големо шаренило во мешаната дрвна група, не треба да се претерува со бројот на дрвни видови.

Во однос на густината и распоредот на садење, пожелно е, дрвјата во дрвната група да се садат во непарен број. Три дрвја, најчесто, се садат во форма на разностран триаголник, пет дрвја се садат во вид на трапез, седум дрвја може да се распоредат, така што едно се поставува во центарот, а останатите дрвја се распоредени како зраци во различни правци и на различно растојание од дрвото кое е поставено централно.

***Скицирај мала и средна композиција од дрвја ( дрвна група)!***

***Круните на растенијата претстави ги во размер!***

***Определи го видот на растенијата во композицијата!***

**Насади од шумички**

Во поголемите паркови и парк шуми се подигаат насади од шумички, кои најчесто се формираат со 100-200 стебла. Овие насади се состојат од еден дрвен вид кој има автохтоно потекло ( бор, даб, бреза и сл.) Сите стебла во насадот се со иста старост, а нивната височина е повеќе од 1,5 m.

**Алеа**

Алеа е поплочена или асфалтирана патека наменета за шетање. Најчесто, алеата е насочена кон центарот на некој доминантен објект (резиденција, стадион и сл.) Од двете страни на патеката има 1, 2 или 3 реда дрвја, кои се распоредени на еднакво растојание, но се доволно оддалечени за да формираат убава круна. Можат да бидат и топијарени.

За свечен изглед, алеата треба да биде со поголеми размери. Таа треба да почнува и завршува со некој акцент или архитектурен објект (фонтана, споменик и сл.)

**Дрвореди**

Дрвореди или линиски насади се дрвја кои се насадени во една линија. Се оформуваат покрај улици, во станбени комплекси или во паркови ( за да разграничат две површини со различна намена).



*Дрвореди*

**Боскети**

Боскети /итал. мала шумичка/ претставуваат мали шумички кои се наменети за интимни прошетки, читање и сл. Се садат во геометриски паркови, а се оформени од ниски дрвја и грмушки. Однадвор се оградени со неколку редови убаво поткастрени и густо насадени дрвја. Најчесто, имаат квадратна форма и многу патеки кои може да бидат ѕвездовидно распоредени. Полињата во боскетата претставуваат катчиња за одмор.

 

*Боскети*

Во ренесансата се формирале лавиринти кои имале еден влез и еден излез. Погодни дрвни видови за формирање на боскети се : *Fagus* (бука), *Taxus* (тиса), *Picea* (смрча), *Tilia* (липа) и др. Денес ретко се употребуваат. Тие се карактеристични за геометриските паркови.

***клучни поими:***

композиции од дрвја;

солитер;   дрвни групи;   насади од шумички;

алеа;   дрвореди;   боскети.

## Грмушки

Според значењето во пејзажниот дизајн, грмушките се на второ место, веднаш по дрвјата. Тие се мошне декоративни, брзорастежни видови, кои  за 2-3 години постигнуваат хортикултурна зрелост. Доста се отпорни и вегетативно, лесно се размножуваат. Поднесуваат кастрење, но се кратковечни, односно за 5-10 години ја губат декоративната вредност или изгинуваат.

Најчесто се поставуваат на периферијата на дрвните насади, заради нивно згуснување и за постепен премин кон полјаните. Се поставуваат и околу дрвните групи, водените површини или архитектурните елементи во 1-2 реда во форма на испрекинат или неиспрекинат прстен.

Ако дрвните видови се живописни, околу нив не треба да се поставуваат конкурентни грмушки. Ефектот на самостојните композиции од грмушки се должи на цветот, листот, плодот или хабитусот. Во пејзажниот дизајн најчесто, се користат следните видови на грмушки: *Pyracantha* (огнен трн), *Spiraea* (спиреа), *Syringa* (јоргован), *Hibiscus* (сириска ружа), *Rhododendron*-(рододендрон), *Jasminum* (јасмин), *Rosa* (роза) и др.

Во зависност од височината, грмушките се делат на:

- Високи грмушки (на пр. *Syringa*-јоргован);

- Средновисоки грмушки (на пр. *Evonymus*-евонимус, кохарка);
- Ниски грмушки (на пр. *Berberis*-жолтика).

Во мирните делови на парковите се поставуваат розариуми (насади од рози) или сирингетуми (насади од јоргованi) со цел посетителите да уживаат во нивната убавина.

Најчести композиции во пејзажниот дизајн, кои се оформуваат од грмушки се:

- Единечни грмушки (солитери),
- Живи огради.

**Единечни грмушки (солитери)**

Единечните грмушки или т.н. солитери претставуваат поединечни примероци на грмушки кои, најчесто, се користат како детаљ во растителниот пејзаж. Тие треба да бидат декоративни, со убави цветови, форма и декоративни листови.



*Солитер (грмушка)*

**Живи огради**

Живите огради се густо насадени линиски насади од грмушки (или дрвја), чии гранки се испреплетуваат формирајќи жив ѕид. Декоративниот ефект го постигнуваат со поткастрување. Служат и за маскирање на неугледни места,

оневозможуваат минување, заштитуваат од прав, ветер, а се применуваат и  за разграничување на  сектори во паркот. Се садат во 1, 2 или 3 реда.




*Живи огради*

Во однос на височината, живите огради можат да бидат:

- Ниски (се поткаструваат до висина од 0,5m. Најчесто, се оформуваат од *Buxus*-шимшир, *Rosmarinus*-рузмарин и др.);
- Средновисоки (се поткаструваат до висина од 0,5-1,5m. Најчесто, се оформуваат од *Thuja*-туја, *Ilex*-зеленика,божиковина, *Taxus*-тиса и др)
- Високи  (се поткаструваат до висина од 2-8m. Се оформуваат, претежно, од дрвни видови, а служат како надворешни граници)

***клучни поими:***

композиции од грмушки;

единечни грмушки;

живи огради.

## Ползечки грмушки (лијани)

Ползечките грмушки или т.н. лијани претставуваат  грмушки кои имаат тенки и долги стебла и кои не можат исправено да растат, па затоа ползат на земја или се искачуваат на потпори со помош на израстоци (трнчиња, мустачиња, адвентивни коренчиња и др

Ползечките грмушки во пејзажниот дизајн, најчесто, се користат за декорирање на  столбови, огради, потпорни ѕидови или за маскирање на неугледни објекти.

 

*Ползечки грмушки (лијани)*

Се делат на:

- листопадни ползечки грмушки (*Clematis*-повит, *Vitis*-лоза, *Rosa*-роза, *Lonicera*-лоницера, козја крв и др.);
- зимзелени ползечки грмушки (*Hedera*-бршлен, *Jasminum*-јасмин, *Evonymus*-евонимус, кохарка и др.).

***клучни поими:***

лијани;

листопадни, ползечки грмушки;

зимзелени, ползечки грмушки.

## Треви

Како тревни растенија (треви), во ботаниката, се сметаат сите растителни видови кои припаѓаат на Фам. *Poaceae.* Останатите ниски растенија се нарекуваат зелјести растенија.

Во парковската литература како треви се сметаат и зелјестите и житните растенија.

Тревите имаат широка примена во пејзажниот дизајн. Најчесто, се користат како:

- подлога за дрвната растителност;
- игралишта;

- за разграничување на патеки, водни површини, архитектурни елементи и др.

Тие треба да бидат декоративни, односно густи, отпорни на аерозагадување, да имаат моќен коренов систем кој поднесува ниско косење.

Тревниците според намената се делат на :

- декоративни,
- спортски.

**Декоративни тревници**

Декоративните тревници може да бидат:

- партерни тревници;
- обични (парковски) тревници;
- ливадски тревници;
- цветни (мавритански) тревници.




*Декоративни тревници*

Партерните тревници се најдекоративни. Тие се подигаат на репрезентативни места. За затревување се користи еден вид трева (*Lolium, Festuca* и др.) Партерните тревници кои се подигнуваат на поголема површина се викаат тревен килим.

Обичните (парковски) тревници ги среќаваме насекаде, покрај улици, згради, домашни градини. Овие тревници може да се подигнат и на посиромашна и плитко обработена почва, а за затревување се користат тревни смеси од 3-5 вида трева, со цел еден вид на трева ако изгине, другиот да го замени.

Ливадските тревници се создаваат на пољаните во парковите и во парк - шумите. Основата на тревникот ја сочинуваат тревите кои растат природно, но

тревникот може да се подобри со отстранување на отровните и бодликави растенија и внесување на легуминозни растенија. Тревата од искосените ливадски тревници се користи како сено за стоката.

Цветните тревници се создаваат на периферијата на парковите, парк-шумите и во градовите. Овие тревници се формираат така што во тревната смеса се додава и семе од цвеќиња (*Papaver*-афион, *Viola*-темјанушка, *Callendula*-невен *Tagetes*-тагета и др.), кое се расфрла рамномерно по целата површина. Друг начин на нивно формирање е со расфрлање на семето од цвеќиња на одделни места од површината, при што се појавуваат цветни масиви. Освен со семе од цвеќиња, цветните тревници може да се формираат и со садење на луковичести растенија.

**Спортски тревници**

Спортските тревници се користат за затревување на фудбалски и други игралишта, за спортски олимписки игри и сл. Тревната смеса за подигање на спортските тревници се состои од 2-3 вида трева. Овие тревници може да се подигнат и со бусени кои се постилаат како ролни.

***клучни поими:***

декоративни тревници;

партерни тревници;

обични (парковски) тревници;

ливадски тревници;

цветни тревници;

спортски тревници.

## Цвеќиња и композиции од цвеќиња

Цвеќињата се зелјести растенија кои имаат различна боја, форма, градба на цветот, листот, плодот, хабитусот и се со различен животен век. Цвеќињата кои се користат во пејзажниот дизајн, како композиции на отворен простор, може да се поделат во три групи:

- едногодишни цвеќиња,
- двегодишни цвеќиња,
- многугодишни цвеќиња.



*Цвеќињата во пејзажниот дизајн*

Едногодишни се оние цвеќиња на кои животниот циклус им завршува за една година (*Ageratum*-агератум, *Begonia*-бегонија, *Impatiens*-импатија, *Callendula*-невен и др.)

Дел од нив се погодни за килимни растенија, бидејќи поднесуваат кастрење, на пр. (*Coleus*-колеус, *Sedum*-жедник и др.) Во минатото, со килимни растенија се оформувале различни орнаменти, исто како на персискиот килим.

Двегодишни се оние цвеќиња кои првата година развиваат корен, стебло и лист, а втората цвет и семе (*Campanula*-ѕвонче, *Dianthus*-каранфил, *Viola*-темјанушка и др.)

Многугодишни се оние цвеќиња кои се одгледуваат повеќе години. Многугодишните цвеќиња може да се поделат во две групи:

- перени-зелјести растенија (на пр. *Anemone*-дремниче, *Campanula*,ѕвонче *Chrysantemum*-хризантема, *Convallaria*-момина солза, *Primula*-јаглика и др.);
- луковичести растенија (*Tulipa*-лалиња, *Narcissus*-нарциси, *Gladiolus*-гладиоли и др.)

Едногодишните и двегодишните цвеќиња се употребуваат при геометриски оформувања, а повеќегодишните цвеќиња се употребуваат во пејзажните оформувања.

Најчести видови на цветни оформувања се:

- цветен партер,
- цветни групи,
- цветни леи,

- цветни бордури,
- рундели,
- цветни солитери,
- розариуми,
- филацетуми,
- градини од георгини.

Цветен партер е композиција, која е составена од тревник, цветни и водни површини и скулптури. Целата композиција треба да се опфати со еден поглед, а се оформува во геометриски стил, на репрезентативни места. Во минатото се оформувале мозаични партери, со различни шари и слики, но заради трошоците за нивно одржување, денес мозаичните партери не се користат.



*Композиција од цвеќиња (мозаични партери)*

Денес, цветниот партер се оформува така што, по тревникот се поставуваат расфрлени цветни површини, без посебни шари и слики во кои цвеќето, штом ќе прецвета, се заменува со ново.

Цветните групи се состојат од 3-30 примероци цвеќе од еден ист вид. Уметничкиот ефект на цветните групи се постигнува со колоритот. Цветните групи, најчесто, се поставуваат на крстопати, пред фасади на згради и сл.

Цветни леи претставуваат цветни површини кои имаат форма на лента. Ширината на лентата е од 1-2,5 m, а должината е различна. Цветните леи, најчесто, се оформуваат покрај патеки, фасади на згради и др.

Цветни бордури претставуваат ленти од цвеќиња, кои се потесни од 0,5 m. Најчесто, се користат за врамување, односно истакнување на елементите во леата, за врамување на тревната површина и др.

Рундели претставуваат цветни композиции со геометриска форма (најчесто круг), кои во средината се малку поиздигнати. Се оформуваат на плоштади и репрезентативни места.



*Композиции од цвеќиња*

Цветни солитери претставуваат осамени цветни растенија, со истакнати декоративни карактеристики, кои се поставени на тревна површина. Цветни солитери може да се формираат и од 3-5 блиску засадени примероци цвеќе, кои склопени делуваат како едно растение.

Розариуми претставуваат површини со една или повеќе сорти на рози. Се нарекуваат уште и ,,розови" градини. Овие површини, најчесто, се подигаат како декорација во ботанички градини, паркови и скверови.

Филацетуми претставуваат групации од различни видови папрати.

Градини од георгини (георгинариум) претставуваат површини, во паркови, скверови или домашни градини, на кои се засадени групации со различни сорти георгини.

***клучни поими:***

цветен партер, цветни групи, цветни леи,

цветни бордури, рундели, цветни солитери,

розариуми, филацетуми,

градини од георгини.

***Скицирај цветна композиција ( рундела ) со различни видови на цвеќе!***

***Скицирај рундела со еден вид на цвеќе, но со различна боја на цветовите!***

***Определи го видот на цвеќето од кое е составена композицијата ( рунделата)!***

## Камена градина ( алпинум)

Во пејзажниот дизајн често се формираат површини, кои се познати под името камена градина или алпинум.

Терминот-камена градина, камено катче или алпинум, претставува површина, односно градина со алпски карактеристики на пејзажот (испакнати врвови, гребени, ували, камењари, карпести клисури, водопади, вирови, езерца и сл.) и алпски растителен свет, кои се создадени на мал простор во градска средина.



*Камена градина (алпинум)*

Флората во алпинумот е претставена со треви, цвеќиња, мали грмушки и ретки дрвенести растенија со закржлавен раст, како на пр. *Pinus mugo*-бор кривуљ, *Juniperus nana*-смрека, *Juniperus sabina*-смрдлика и др.



*Камена градина (алпинум)*

Алпинумот треба да претставува верна копија на алпски предел со минијатурни размери, при што каменот треба да биде пренесен во оригинална форма од природата, а растенијата да бидат ретки, интересни, детерминирани и да им се знае потеклото. Најголем планински алпинум има на Московскиот универзитет, каде што се внесени високопланински растенија од сите планини на руската федерација.

Освен алпинумите во ботаничките градини на големите универзитетски центри, во текот на 20 век се градат алпинуми со декоративна намена.

Алпинумот се гради во парковите, во секторот за одмор и тишина. За да се постигне поголем декоративен ефект, треба да се обрне особено внимание на каменот, бидејќи тој нуди големи креативни можности успешно да се направи имитација на планина и зафаќа 50% од површината на алпинумот.

Според големината на површината која ја зафаќа, алпинумот може да биде:

- мал алпинум ( зафаќа површина од 2-10 m2);
- средно-голем ( зафаќа површина од 100 m2);
- голем ( зафаќа површина над 1000 m2).

Композицијата на алпинумот треба да биде едноставна, а камењата убаво да се гледаат. При изборот на растенија треба да се внимава на нивните еколошки барања, висината на растението, бојата на цветот и времето на цветање.

***клучни поими:***

камена градина ( алпинум);

флората во алпинумот;

камења во алпинумот,

видови на алпинуми во однос на површината.

***Скицирај мал алпинум!***

***Определи го видот на растителноста во алпинумот!***

***Прашања за тематско повторување***

*Како се поделени растителните елементи во проектирањето на зелени површини?*

*Кои се најчести композиции од дрвја?*

*Какви композиции се оформуваат од грмушки?*

*Што се лијани?*

*Какви може да бидат декоративните тревници?*

*Кои се најчестите видови на цветни оформувања?*

## Содржина


**Тема: Опрема и растителен материјал за аранжирање ................................ 5**

Цел и значење на аранжирањето ........................................................................ 7

Историски развој на аранжирањето ................................................................... 9

Потребна опрема за аранжирање ..................................................................... 10

Средства за зацврстување.................................................................... 11

Инструменти за аранжирање ................................................................. 14

Садови за аранжирање .......................................................................... 15

Подлоги за аранжирање......................................................................... 18

Додатоци за аранжирање....................................................................... 19

Основа за аранжманот ........................................................................... 20

Растителен материјал за аранжирање ............................................................... 21

Техники на сушење на растенијата ................................................................... 22

Воздушно сушење..................................................................................... 24

Сушење со конзерванси ........................................................................... 26

Сушење со глицерин ................................................................................ 26

Скелетизирање ........................................................................................ 27

Сушење во микробранова печка ............................................................... 27

**Тема: Стилови на аранжирање.......................................................................... 29**

Основни стилови на аранжирање на растенија ................................................. 31

Обемен стил на аранжирање на растенија......................................................... 33

Линиски стил на аранжирање на растенија ........................................................ 34

Линиско-обемен стил на аранжирање на растенија .......................................... 39

Мешан стил на аранжирање на растенија .......................................................... 41

**Тема: Техники и дизајн на аранжирање ........................................................ 43**

Сложување на бои во композицијата ................................................................. 45

Седум карактеристики на добар дизајн ............................................................ 48

Аранжирање на ентериери.................................................................................. 52

Аранжирање ходници ...................................................................................... 52

Аранжирање кујна ............................................................................................ 53

Аранжирање дневна соба ................................................................................ 54

Аранжирање трпезарија ................................................................................... 55

Аранжирање бања ............................................................................................ 56

Аранжирање спална ......................................................................................... 57

Аранжирање работни простории ................................................................... 58

Композиции за специјални, празнични пригоди ................................................ 58

**Тема: Основни техники на проектирање ..................................................... 61**

Технички цртеж и техничка документација ....................................................... 63

Прибор за техничко цртање и технички стандарди........................................... 63

Методи на проектирање ..................................................................................... 66

Перспектива и нејзините законитости ................................................................ 68

**Тема: Проектирање на индивидуално зеленило .......................................... 71**

Цел и задачи на проектирањето на зелени површини ...................................... 73

Историски развој на парковската архитектура .................................................. 76

Процес на проектирање ...................................................................................... 85

Проектирање на мали објекти............................................................................. 89

Принципи во пејзажниот дизајн ......................................................................... 91

Морфолошки карактеристики на растенијата............................................. 91

Создавање на фокусни точки...................................................................... 100

Зонирање и циркулација ........................................................................ 102

Просторот како надворешна соба .................................................................. 103

Архитектурни елементи ............................................................................... 105

**Поттема: Проектирање на јавни зелени површини ................................... 114**

Функции на зелените површини ...................................................................... 115

Класификација на зелените површини ............................................................ 117

Градско и вонградско зеленило ....................................................................... 119

Проектирање на зелени површини за јавно користење .................................. 119

Паркови во градот ......................................................................................... 119

Забавни паркови ............................................................................................ 121

Паркови наменети за прошетки ..................................................................... 123

Детски паркови ............................................................................................. 123

Скверови ....................................................................................................... 125

Озеленување на улици ..................................................................................... 126

**Поттема: Растителноста како композициски елемент .............................. 130**

Растителноста како компонента на пејзажот .................................................. 131

Дрвја и композиции од дрвја .......................................................................... 131

Грмушки ........................................................................................................ 135

Ползечки грмушки ( лијани ............................................................................ 137

Треви ............................................................................................................. 138

Цвеќиња и композиции од цвеќиња .............................................................. 140

Камена градина (алпинум) ................................................................................ 144

## Користена литература


1. Все об аранжировке цветов - Д-р Д. Г. Хессаион, ,,Кладезb-Букс,, Москва, 1999
2. Пејзаж и дизајн во зелените површини - Доц. Д-р Влатко Андоновски, Шумарски факултет, Скопје 2005
3. Парковска архитектура - Проф. Д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје 2007
4. Проектирање на зелени површини ( скрипта) - Јасминка Ризовска Атанасовска, Шумарски факултет Скопје 2007
5. Internet, Google Images, Arangement
6. Internet Google Images Land scape